

Социјална отчетност за РОДОВА ЕДНАКВОСТ

# ДАЛИ И КОЛКУ ГРАЃАНИТЕ ЧУВСТВУВААТ БЕНЕФИТ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ, ПРОГРАМИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ?



# ДАЛИ И КОЛКУ ГРАЃАНИТЕ ЧУВСТВУВААТ БЕНЕФИТ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ, ПРОГРАМИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ?


**Автори на анализата**

**Јасминка Фришчиќ,** извршна директорка на Здружението ЕСЕ

**М-р Дарко Антиќ,** програмски координатор на Здружението ЕСЕ


**Локални партнери во спроведување на активностите за социјална отчетност**

**Марија Савовска,** Акција Здруженска, теренски координатор

**Сузана Гроздановска,** Акција Здруженска, асистент за финансии

**Маја Ангеловска,** МКЦ Битола, фацилитатор за општина Битола

**Мила Најдановска,** МКЦ Битола, аниматор за општина Битола

**Јасмина Ангелова,** МКЦ Битола, аниматор за општина Битола

**Слаѓана Јосифовска,** Женски форум, фацилитатор за општина Тетово

**Марија Метлиќ,** Женски форум, аниматор за населени меса: Вардарска и Цетинска

**Селвиназе Рефики,** Женски форум, аниматор за село Шипковица

**Соња Наскова,** ГИЖ Св. Николе, фацилитатор за општина Св. Николе

**Милена Манева,** ГИЖ Св. Николе, аниматор за населени места: Септемвриска, Сутјеска, Вељко Влаховиќ и Маршал Тито

**Билјана Христовска,** ГИЖ Св. Николе, аниматор за с. Ерџелија

**Ленче Христова,** Организација на жени од Струмица, фацилитатор за општина Струмица

**Катерина Бабулова,** Организација на жени од Струмица, аниматор за населено место Нова проградска населба

**Нетка Ковачева,** Организација на жени од Струмица, аниматор за населено место Стара чаршија


Проектот е финансиран од Европската Унија

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 4

**I. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И БУЏЕТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АВРМ** 12

I.1. Движење на приходите и расходите во буџетот на АВРМ во периодот од 2014 до 2018 година 12

I.2. Движење на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во периодот од 2014 до 2018 година 15

**II. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** 18

II.1. Планирање и спроведување на програмата за субвенционирано вработување 18

II.2. Планирање и спроведување на програмата за самовработување 20

II.3. Планирање и спроведување на услугите за вработување 22

**III. ОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ, ЗАПОЗНАЕНОСТА, КОРИСНОСТА И ПРИСТАПНОСТА ДО МЕРКИТЕ, ПРОГРАМИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** 26

III.1. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица 26

III.2. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување 38

## СКРАТЕНИЦИ

**АВРМ** - Агенција за вработување

**УНДП** - Програма за развој на Обединетите нации

**МТСП** - Министерство за труд и социјална политика

**МФ** - Министерство за финансии

**ИПА** - Инструмент за претпристапна помош

**МКД** - денари

# ВОВЕД

Основната цел на оваа анализа е да го оцени влијанието, односно да ги оцени ефектите од потрошените средства за спроведување на активните мерки, програми и услуги за вработување од страна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Агенцијата за вработување (АВРМ), врз нивните крајните корисници, со посебен фокус на три програми и услуги, и тоа: Програма за самовработување, Програма за субвенционирано вработување и Услуги за вработување. Дополнително, целта на оваа анализа е да го оцени нивото на квалитет, запознаеност, корисност и на пристапност до програмите, мерките и услугите за вработување од страна на граѓаните, а во насока на обезбедување на факти што ќе им послужат при креирирање на политики за вработување.

Овие три програми и услуги се фокус на оваа анализа поради фактот што во изминатите пет години (2014 - 2018) Агенцијата за вработување најголем дел од средствата наменети за спроведување на активните политики за вработување ги издвојува за овие три програми и услуги. А, пак, во исто време, две од нив (самовработување и субвенционирано вработување) од Меѓународната организација на трудот се оценети како програми кои или делумно или пак воопшто не ги исполнуваат целите за кои се формирани.

Покрај оваа анализа, во изминатите четири години е направена само една евалуација на влијанието на шесте активни програми и мерки[1] за вработување преку која е утврдено дека само две од нив (практикантство и обука кај познат работодавач) ги даваат посакуваните ефекти и треба и понатаму да се спроведуваат од Агенцијата, а пак другите четири не ја исполнуваат целта на нивното постоење во целост и е потребно да се изменат и унапредат (програма за самовработување и обука за напредни ИТ-вештни) или треба во целост да се избришат од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот (програма за субвенционирано вработување преку ослободување од плаќање на придонеси и обука за дефицитарни занимања). Наодите од оваа евалуација не се земени предвид при подготовка на програмите, мерките и услугите за вработување во наредните три години.

**Анализата** на студијата „Дали и колку граѓаните чувствуваат бенефит од спроведувањето на активните мерки, програми и услуги за вработување" **е поделена на три поглавја**.

**<u>Првото поглавје</u>** се состои од два дела. Во првиот дел даваме осврт на финансиското работење на Агенцијата за вработување (АВРМ), преку прикажување на движењето на приходите и расходите во буџетот на оваа институција во периодот од 2014 до 2018 година, а пак во вториот дел даваме осврт на движењето на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во истиот временски период.

**<u>Второто поглавје</u>** се однесува на програмското и буџетското спроведување на три програми, мерки и услуги за вработување за кои од буџетот на Агенцијата се издвојува најголем износ на средства секоја фискална година и кои се од посебен фокус на оваа анализа, и тоа: ***Програма за самовработување*** (компонента 1.1.1. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година)[2], ***Програма за субвенционирано вработување*** (компонента 2.3. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година) и ***Услуги за вработување на Агенцијата*** (компонента 6. во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година).

**<u>Третото поглавје</u>** се состои од два дела, при што во првиот дел ја претставуваме оценката на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување дадена од страна на невработените лица опфатени со теренско истражување спроведено во 11 населени места (Даме Груев во Битола; Цетинска, Вардарска и с. Шипковица од општина Тетово; Септемвриска, Сутјеска, Маршал Тито, Вељко Влаховиќ и с. Ерџелија во општина Св. Николе и Нова приградска населба и Стара чаршија во општина Струмица) во четири општини (Битола, Тетово, Св. Николе и Струмица)[3], а пак во вториот дел ја претставуваме оценката дадена од страна на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување.

---

[1] Програма за самовработување, прктикантство, обука кај познат работодавач, програма за субвенционирано вработување преку ослободување од плаќање на придонеси, обука за напредни ИТ-вештини, и обуки за дефицитарни занимања. https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/publication/wcms_384854.pdf

[2] Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот: http://socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk/operativni-planovi/

**Наодите презентирани во анализата, а кои се однесуваат на буџетското работење** на Агенцијата за вработување, **се добиени** преку анализа на податоците содржани во годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за периодот од 2014 до 2018 година [4], годишните извештаи за работењето на Агенцијата за периодот од 2014 до 2017 година [5] и податоците содржани во одговорите добиени од оваа институција во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат за периодот од 2014 до 2017 година [6].

Наодите, пак, кои се однесуваат на оценката на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување се добиени преку спроведување на **теренско истражување**, чија основна цел е да го прикаже бенефитот што го почувствувале граѓаните од потрошените средства за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување, со посебен фокус на компонентите 1.1.1., 2.1. и 6. од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Во овој дел на анализата даваме приказ на: пристапот на невработените граѓани до мерките, програмите и услугите за вработување преку регистрација во евиденцијата на АВРМ; запознаеност на невработените граѓани со мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на користење на мерките, програмите и услугите за вработување од страна на невработените граѓани; степенот на задоволство на невработените граѓани од мерките, програмите и услугите за вработување; степенот на корисност на мерките, програмите и услугите за вработување на невработените граѓани; степенот на користење, квалитет, информираност и корисност на програмата за самовработување, Македонија вработува и услугите за вработување на невработените граѓани; и приказ на тоа што треба да се унапреди во планирањето и спроведувањето на мерките и програмите за вработување, според граѓаните. Истите аспекти се испитувани кај граѓаните што се вработени како резултат на користење на активните програми, мерки и услуги за вработување. Преку теренското истражување беа опфатени 826 [7] невработени лица, од кои 407 се мажи, а 419 се жени, како и вкупно 56 вработени лица како резултат на користење на активните програми и мерки за вработување од кои 33 се мажи, а 23 се жени (детален приказ на испитаниците е даден во табелата број 1).

| НАЗИВ НА НАСЕЛЕНО МЕСТО | ОПШТИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | | Тетово | | Свети Николе | | Струмица | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| Даме Груев | 94 | 107 | - | - | - | - | - | - |
| Цетинска | - | - | 26 | 33 | - | - | - | - |
| Вардарска | - | - | 35 | 46 | - | - | - | - |
| с. Шипковица | - | - | 24 | 40 | - | - | - | - |
| Септемвриска | - | - | - | - | 19 | 10 | - | - |
| Сутјеска | - | - | - | - | 10 | 6 | - | - |
| Маршал Тито | - | - | - | - | 7 | 6 | - | - |
| Вељко Влаховиќ | - | - | - | - | 46 | 27 | - | - |
| с. Ерџелија | - | - | - | - | 81 | 65 | - | - |
| Нова приградска населба | - | - | - | - | - | - | 45 | 55 |
| Стара чаршија | - | - | - | - | - | - | 53 | 47 |
| **ВКУПНО** | **94** | **107** | **85** | **119** | **163** | **114** | **98** | **102** |

3 Општини со најголем број невработени граѓани и најголем број активни баратели на работа. Оценките што се презентирани во оваа анализа ги одразуваат ставовите на граѓаните од 11-те населени места.

4 http://www.avrm.gov.mk/operativen-plan.nspx

5 http://www.avrm.gov.mk/godishni-izveshtai.nspx

6 http://socijalnaotcetnostzarodovaednakvost.mk/informacii-od-javen-karakter/

7 Битола, 201; Тетово, 204; Струмица, 174 и Св. Николе, 247.

**Клучните наоди и препораки** што произлегоа од оваа анализа се следните:

# I. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И БУЏЕТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АВРМ

## I.1. Наоди и препораки за унапредување на процесот на планирање и реализација на приходите и расходите во буџетот на АВРМ

– АВРМ, на годишно ниво, прибира во просек 13,6 % повеќе приходи од планираниот износ, а пак троши 25,6 % помалку од вкупниот износ на остварени приходи. **Оттука, потребно е да се унапредат капацитетите за буџетско планирање и извршување на АВРМ на тој начин што Агенцијата ќе го планира и ќе го извршува својот буџет врз основа на реалните потреби и капацитети. Во исто време, износот на приходи што во континуитет не го искористува Агенцијата треба да го намени за зголемување на опфатот на крајните корисници со мерки, програми и услуги за вработување што се покажале како ефикасни, како и за воведување на нови што ќе одговараат на реалните потреби на граѓаните, со посебен фокус на ранливите категории и жените.**

– Расходите во буџетот на АВРМ се намалуваат во просек за 5 % на годишно ниво, а секоја година се остваруваат 10 % повеќе приходи. **Потребно е да се преземат активности за унапредување на нивото на реализација на планираните мерки, програми и услуги за вработување.**




## I.2. Наоди и препораки за унапредување на процесот на планирање и трошење на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување

– Во периодот од 2014 до 2018 година се бележи значителен пораст на средствата кои АВРМ од буџетот на РМ ѝ ги префрла на УНДП за спроведување на програмите, мерките и активностите за вработување (во 2014 година од буџетот на РМ не било планирано да се префрлат средства на УНДП, во 2016 година било планирано да се префрлат 49.400.000 денари, во 2017 година - 541.247.050 денари, а пак во 2018 година - 405.881.283 денари). За сметка на овој пораст, сопственото учество на УНДП во финансирањето на активните програми, мерки и услуги за вработување драстично се намалува во изминатите пет години. **Потребно е Агенцијата во целост да го преземе спроведувањето на програмите, мерките и услугите за вработување и да ја елиминира праксата на континуирано одлевање на средства од државниот буџет во буџетите**

**на меѓународните организации врз кои нема контрола. Дополнително, да се преземат активности за обезбедување на повеќе средства во својот буџет за реализација на мерките, програмите и услугите за вработување кои самостојно ќе ги менаџира.**

– Во 2018 година се бележи значително намалување на средствата за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во однос на претходната 2017 година. Односно, средствата за оваа намена се намалени за 437.206.282 денари или пак за 44 %. **Потребно е да се преземат активности со кои ќе се гарантира дека средствата издвоени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување нема да се намалуваат, односно прогресивно ќе се зголемуваат.**

– Секоја година Агенцијата има неисплатени обврски кон извршителите вклучени во реализација на Оперативниот план, во просек од 24.412.370 денари. Па така, во 2018 година износот на неисплатени обврски е за 16 % повисок во однос на 2017 година, од кои во просек 46 % се неизмирени обврски кон УНДП. **Потребно е да се преземат активности за редовно сервисирање на тековните обврски на Агенцијата и елиминирање на праксата на континуирано креирање на долгови.** Ова е особено важно во услови кога Агенцијата секоја година остварува повисоки приходи и троши помалку средства од планираните.

– Просечниот износ на средства што се издвојува за промоција на мерките, програмите и услугите за вработување изнесува 2.199.780 денари. Во 2017 година, кога за последен пат била планирана промоција на програмите, мерките и услугите за вработување, Агенцијата издвоила 158 % повеќе средства во однос на претходната година или 76 % повеќе во однос на 2014 година. Но, и покрај издвојување на средства за промовирање на мерките, програмите и услугите за вработување, 83 % од вкупниот број невработени лица опфатени со истражувањето не се запознаени со можностите што произлегуваат од оперативните планови за вработување, односно што ги нудат програмите, мерките и услугите за вработување. **Во таа насока, потребно е да се преземат активности за континуирано инфомирање на граѓаните за правата и можностите што произлегуваат од оперативните планови за вработување и запознавање на крајните корисници со мерките, програмите и услугите за вработување.**

– За некои податоци презентирани во одговорите на барањата се утврди дека не се точни. На пример, во одговорите на Управата за јавни приходи, кои се однесуваат на реализација на програмата Македонија вработува, како вкупен износ на одобрено ослободување од плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување се наведува 121.180.611 денари, а пак збирот на поединечните податоци презентирани во истата табела реално изнесува 88.335.676 денари. **Да се преземат чекори за унапредување на квалитетот на податоците и деталноста на податоците содржани во одговорите подготвени и дадени во текот на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

– Идентификувани се грешки во податоците презентирани во јавно достапните податоци во годишните извештаи за работењето на АВРМ. На пример, во годишниот извештај за 2017 година е наведен износ на планирани приходи од 2.216.000.000 денари, а пак во ребалансот на буџетот на РМ е наведен износ на планирани приходи од 2.015.000.000 денари. Исто така, во годишниот извештај за 2016 година, доколку се соберат износите на прибраните приходи за поединечни видови на приходи, се добива збир од 2.638.936.151 денар, а пак во истиот извештај како вкупен износ на прибрани средства се наведува 2.432.765.697 денари. **Да се преземат чекори за унапредување на квалитетот на податоците и деталноста на податоците содржани во документите што ги објавува Агенцијата за вработување на својата интернет-страница и да се зголем обемот на јавно достапни информации.**

# II. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## II.1. Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на програмата за субвенционирано вработување

– Во периодот на 2016 и 2017 година преку проектот Македонија вработува 1 и 2, Владата на РМ, преку буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, го оштети буџетот за 1.401.109.591 денар или за 1.400.094.511 денари повеќе од планираниот износ (1.015.080 денари) преку ослободување од плаќање на придонеси за вработување за 31 019 лица или 21 019 лица повеќе од предвидениот број (10 000). **Да се преземат мерки за проценка на ефикасноста на програмата за субвенционирано вработување, односно утврдување на придонесот на оваа програма кон намалување на стапката на невработеност на долг рок и нејзините негативни фискални импликации врз целокупната економска состојба и фискален капацитет на државата.**

## II.2. Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на програмата за самовработување

– За спроведување на оваа програма во изминатите четири години (во периодот од 2014 до 2017 година) од буџетот на РМ се исплатени 998.710.697 денари или за 7 % повеќе од проектираните трошоци за оваа намена, од кои 79 % претставуваат средства што се одлеале од буџетот на државата во буџетот на УНДП и врз кои државата нема никаква контрола. Со овие средства било помогнато самовработување на 3 978 лица, што пак е за две лица помалку од проектираниот опфат со оваа мерка (бил планиран опфат на 3.980 лица). **Да се преземат мерки за проектирање на трошоците за спроведување на програмата за самовработување врз основа на реалните потреби на пазарот на трудот и реалните капацитети за работење на АВРМ на тој начин што нема да се креира дефицит при спроведување на програмата и нема да се кратат средства планирани за реализација на други мерки, програми и услуги.**

– При анализа на потрошените средства за спроведување на програмата за самовработување може да се воочи дека износот на средства што го менаџира АВРМ се намалува со зголемување на средствата за оваа програма, а пак во исто време се зголемува износот на средства што ѝ го префрла државата на УНДП (во 2017 година изнесува 350.319.750 денари или 100 % од износот на оваа програма, а пак во 2014 година изнесува 13.395.800 денари). **Агенцијата да ја преземе целокупната одговорност и контрола врз планирањето и спроведувањето на програмата за самовработување на тој начин што самостојно ќе ја реализира и нема да им исплатува средства од буџетот на државата на други организации што би ја спроведувале програмата.**

## II.3. Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на услугите за вработување

– Услугите за вработување претставуваат суштински дел од активните политики на пазарот на трудот, но во исто време се и суштинска слабост на оваа институција, особено во делот на стратешко планирање на видот и обемот на услуги што им ги нуди оваа институција на своите корисници (секоја година се предвидува идентичен број на невработени граѓани и работодавачи што ќе бидат потенцијални корисници на услугите и се издвојува ист износ на средства за нивна реализација без да се земат предвид промените на пазарот на трудот), начинот на нивно обезбедување (не постојат протоколи за постапување при обезбедување на услугите на потенцијалните корисници), начинот на нивно евидентирање (не се води програмска и буџетска евиденција за бројот на обезбедени услуги и износот на потрошени средства, односно податоците што се јавно достапни значително отстапуваат од оние што ги обезбеди Агенцијата во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер) и начинот на нивна евалуација (не постојат воспоставени системи за следење на ефектите од секоја обезбедена услуга, односно мерење на стапката на вработеност како резултат на секоја поединечна услуга обезбедена од Агенцијата). **Да се преземат мерки за унапредување на: начинот на планирање на видот и обемот на услуги на тој начин што опфатот со секоја од услугите и средствата за реализација на секоја од услугите ќе се проектира според реалните годишни потреби на крајните корисници; начинот на нивно обезбедување, така ќе се воспостават протоколи за постапување при обезбедување на услугите на потенцијалните корисници; начинот на нивно евидентирање, при што ќе се води програмска и буџетска евиденција за бројот на обезбедени услуги и износот на потрошени средства за секоја од услугите; и начинот на нивна евалуација, така што ќе се воспостави систем за следење на ефектите од секоја обезбедена услуга, односно мерење на стапката на вработеност како резултат на секоја поединечна услуга обезбедена од Агенцијата.**

# III. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ, ЗАПОЗНАЕНОСТА, КОРИСНОСТА И ПРИСТАПНОСТА ДО МЕРКИТЕ, ПРОГРАМИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## III.1. Наоди и препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица

– Повеќе од половина од невработените граѓани опфатени со истражувањето (63 %), во сите четири општини, се лица што се долгорочно невработени, односно не се вработени повеќе од четири години. **Да се преземат мерки за проценување на реалните потреби на граѓаните што ќе овозможи креирање на мерки, програми и услуги што ќе придонесат кон вработување на лицата што се долгорочно невработени.**

– Пристапот до активните мерки, програми и услуги за вработување е значително ограничен за граѓаните на општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе заради малиот процент на граѓани (54 %) што се регистрираат во евиденцијата на АВРМ, од кои 50 % се жени. Речиси половина од лицата што се невработени и нерегистрирани во евиденцијата на АВРМ не можат да одредат колкав е временскиот период од нивното последно пријавување во АВРМ (45 %), а пак 37 % не се евидентирани 2 или повеќе години. **Да се предвидат мерки што ќе ги поттикнат граѓаните да се евидентираат во системот на евиденција на невработени лица и на тој начин да се овозможи поголем број невработени граѓани да имаат пристап до програмите, мерките и услугите за вработување. Односно, според граѓаните, потребно е АВРМ да ги подобри услугите што ги нуди генерално** (според 32 % од нерегистрираните испитаници); **да работи повеќе со лицата што се невработени** (според 25 % од нерегистрираните испитаници); **да воведе нови мерки и услуги, особено мерки и услуги што ќе одговараат на потребите на специфични групи на граѓани (според 16 % од нерегистрираните испитаници); треба да се олесни начинот на регистрирање, односно да се воведе нов начин што нема да претставува товар за граѓаните; АВРМ да креира и да спроведе конкретни активности за непосредно и посредно информирање на граѓаните; да се намали дискриминацијата при селекција на невработените што ќе ги користат мерките, особено дискриминација во поставување на критериумите за користење; да биде вистински посредник за вработување и да им помогне на граѓаните да најдат работа и да не ги отстрани од евиденција лицата што не се регистрирани на датумот запишан на картонот за евиденција или пак доколку одбијат работа понудена од агенцијата (според 14 % од нерегистрираните испитаници) и АВРМ треба да го укине ограничувањето за користење на некоја мерка како резултат на пропуштање на рокот за пријавување (според 13 % од нерегистрираните испитаници).**

– Повеќе од половина од лицата опфатени со истражувањето, кои се регистрирани во евиденцијата на АВРМ, се лица што се регистрираат на секои 30 дена заради тоа што се евидентирани како активни баратели на работа. Додека, пак, приближно една четвртина од лицата што се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРМ се соочиле со некаков проблем при регистрација. **Да се преземат мерки за елиминирање на проблемите со кои се соочуваат невработените при регистрација во евиденцијата на АВРМ, така што: ќе се зголеми рокот помеѓу секоја регистрација, ќе се намали времето потрошено за чекање на ред за регистрација; ќе се овозможи граѓаните да немаат трошок за транспорт до подрачните единици на Агенцијата преку користење на електоронска регистрација или пак отворање на мобилни пунктови за регистрација што ќе работат во самите заедници** (особено во општина Тетово); **потребната документација за регистрирање ќе се обезбедува по службена должност и нема да има враќање на лица заради недостиг на одредени документи; вработените во подрачните единици да го подобрат односот со граѓаните; да се работи повеќе се невработените лица, односно да ја вршат својата основна функција на креирање на индивидуални планови за јакнење на капацитетите на секое невработено лице со соодветни вештини и знаења, како и планови за вработување на секое регистрирано лице; одржување на редовни средби со невработените лица за информирање за нивните права за вработување и текот на спроведување на изготвениот план; итн.**

– Дури 74 % од регистрираните невработени лица или 71 % од бројот на невработени регистрирани жени не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд. Од лицата (112 лица) што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, само 37% се информирани за некои од мерките, програмите и услугите за вработување. **Да се преземат мерки за запознавање на граѓаните со програмите, мерките и услугите за вработување, особено со програмата за субвенционирано вработување; обуките; програмата за општинско корисна работа; услугите за вработување; и анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот, со посебен фокус на општините Битола, Струмица и Св. Николе. Односно, да се воспостави систем за информирање на невработените**

**лица за мерките и услугите за вработување користејќи различни механизми како на пример:** ***директно информирање на невработените при регистрација; изработка и доставување на покани до невработените лица со информации за мерките и услугите; спроведување на теренски информативно-промотивни кампањи; спроведување на медиумски кампањи за запознавање на граѓаните со мерките и услугите за вработување; итн.***

– Само 4 лица (од вкупно 112), од кои три се жени, од сите четири општини, кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување предвидени со Оперативниот план, користеле некоја од нив. Тие се потполно задоволни од програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјалан ризик и сметаат дека таа е потполно корисна. Од обуката за работно место со субвенционирано вработување делумно се задоволни и сметаат дека таа воопшто не е корисна. Сметаат дека квалитетот на програмата за самовработување е делумен, информираноста за текот на спроведувањето и корисноста на програмата се потполни, но и покрај тоа по завршувањето на договорениот период на доделување на грантот овие лица се невработени заради финансиска неактивност на бизнисот. Според испитаниците, програмата за субвенционирано вработување не ја постигнала целта, а пак услугата „едукација за користење на online услуги на АВРМ" не ги задоволува потребите на невработените лица и понудената помош не помага за вработување. **Да се преземат мерки за спроведување на евалуација на ефикасноста на секоја од постојните мерки, програми и услуги за вработување со цел да се утврди колку тие придонесуваат вработување на невработените граѓани и ги задоволуваат нивните потреби.**

## III.2. Наоди и препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување

– Бројот на вработени жени во Свети Николе е за половина понизок од оној во Струмица, иако бројот на вкупно анкетирани жени е приближен. **Да се преземат мерки во насока на детални истражувања на состојбата на вработените жени и евентуалните специфични пречки со кои тие се соочуваат во дадени општини.**

– Жените најмногу ја користат Програмата за самовработување. Значително помалку ја користат Македонија вработува 2 и другите мерки за вработување. Најголем број корисници сметаат дека АВРМ пред сè треба да ги информира невработените за мерките и услугите (26 лица), па потоа да работи повеќе со невработените (24 лица), а потоа треба да воведе нови мерки и/или услуги (23 лица) и на крај да го подобри квалитетот на веќе понудените мерки и услуги (21 лице). **Да се направат истражувања во насока на тоа дали корисниците, посебно жените, се соочуваат со пречки во пристапот и при користењето на мерките за вработување, имајќи ги предвид локалните специфики.**

– Со Програмата за самовработување жените и мажите отвораат типично женски, односно машки видови на бизниси. Па така, жените отвораат фризерски салони и салони за убавина, модни студија, цвеќари итн., додека мажите отвораат автосервиси, угостителски и други видови бизниси. **Да се преземат мерки за истражување на заинтересираноста на жените за отворање и на други видови на бизниси, како и за обемот и видот на поддршката понудена од страна на државата (поголеми износи, повеќекратни грантови, дополнителна поддршка и др.).**

– Висок е степенот на делумно задоволство од Програмата за вработување во општина Свети Николе, како и незнаењето за тоа дали оваа мерка е корисна. **Да се спроведуваат редовни оценки на задоволството на корисниците, при тоа земајќи ги предвид локалните специфики, вклучувајќи ја и корисноста на оваа мерка. Врз основа на овие наоди да се менува и видот на поддршката на оваа Програма.**

– Евидентно е користење на еден ист вид на услуги и обуки што ги нуди АВРМ. Во двете општини биле користени само 4 од вкупно 11 услуги и обуки што ги нуди АВРМ. Од друга страна, мал е бројот на лица што ги користат услугите и обуките на АВРМ. Па така, во Свети Николе помалку од една третина од вработените лица (вкупно 30 лица) користеле некоја услуга/обука, а во Струмица една петтина. **Во насока на обезбедување на соодветна, целисходна, квалитетна и ефикасна помош и поддршка на невработените да се направи проценка на потребните услуги и обуки на невработените (полова и територијална припадност) и врз основа на тоа АВРМ да го дефинира својот мандат на постапување.**

**При спроведување на анализата се соочивме со одредени органичувања, како:**

- **Не постојат јавно достапни податоци за износот на потрошени средства за спроведување на поединечните мерки, програми и услуги за вработување.** Односно, годишните извештаи за работењето на АВРМ содржат само податоци за вкупно потрошени средства по кумулативни буџетски категории без притоа да се даде приказ на износот на средства потрошен за реализација на секоја од мерките, програмите и услугите за вработување.

- **Годишните извештаи за работењето на АВРМ не се усогласени со годишните оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.** Односно, годишните оперативни планови содржат детални податоци за планираниот опфат на крајните корисници за секоја од програмите, мерките и услугите за вработување, поделени по фази на нивно спроведување, како и вкупен износ на планирани средства поделени по извори. Додека, пак, годишните извештаи содржат исклучиво податоци за вкупниот опфат на крајни корисници за дел од програмите, мерките и услугите за вработување без износ на потрошени средства за реализација на секоја од нив.

- **Постои многу низок квалитет на информации што ги обезбеди АВРМ во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер. А, пак, за голем дел од поднесените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, АВРМ не ги обезбеди бараните информации.**

- **На одредени барања во кои се бара износот на потрошени средства за одредена програма, мерка или услуга за вработување, АВРМ има доставено износ на планирани средства, но не и на реализирани.**

- **На голем дел од барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер АВРМ достави одговор дека не располага со бараната информација и дека со неа располага УНДП.**

- **За некои податоци презентирани во одговорите на барањата се утврди дека не се точни.** На пример, во одговорите на Управата за јавни приходи, кои се однесуваат на реализација на програмата Македонија вработува, како вкупен износ на одобрено ослободување од плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување се наведува 121.180.611 денари, а пак збирот на поединечните податоци презентирани во истата табела реално изнесува 88.335.676 денари.

- **Идентификувани се грешки во податоците презентирани во јавно достапните податоци во годишните извештаи за работењето на АВРМ.** На пример, во годишниот извештај за 2017 година е наведен износ на планирани приходи од 2.216.000.000 денари, а пак во ребалансот на буџетот на РМ е наведен износ на планирани приходи од 2.015.000.000 денари. Исто така, во годишниот извештај за 2016 година доколку се соберат износите на прибраните приходи за поединечни видови на приходи се добива збир од 2.638.936.151 денар, а пак во истиот извештај како вкупен износ на прибрани средства се наведува 2.432.765.697 денари.

- **Начинот на којшто се презентираат податоците во документите на Агенцијата се менува секоја календарска година, особено кај годишните извештаи, што не дава можност за нивно континуирано следење.**

- **Истражувањето има мал опфат на лица што се корисници на мерките, програмите и услугите за вработување, како и лица што се вработени како нивен резултат.** При тоа, задоволството, корисноста и квалитетот на мерките, програмите и услугите за вработување се оценувани според изјавите на мал број лица.

- **Истражувањето ги одразува ставовите на лицата што живеат во 11 населени места во кои е спроведено истражувањето.**

# I. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И БУЏЕТОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АВРМ

## I.1. Движење на приходите и расходите во буџетот на АВРМ во периодот од 2014 до 2018 година

Во изминатите пет години (од 2014 до 2018) АВРМ остварува просечен приход од 2.646 денари, што е за 13,6 % повеќе од планираниот износ. Во истиот период Агенцијата за своето работење и спроведување на своите основни надлежност троши во просек 1.968.692.132 денари, што е за 13,9 % помалку во однос на планираниот годишен износ на расходи или пак 25,6 % од вкупниот износ на остварени приходи (види графикон број 1 и 2).




ГРАФИКОН број 1. *Планирани наспрема остварени приходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РМ во периодот од 2014 до 2018 година*

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата).*




ГРАФИКОН број 2. *Планирани наспрема остварени расходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РМ во периодот од 2014 до 2018 година*

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата).*

Во анализираниот период, приходите во буџетот на АВРМ се зголемуваат во просек за 10 % на годишно ниво, а пак во исто време расходите на оваа институција се намалуваат во просек за 5 % на годишно ниво (види графикон број 3).




**ГРАФИКОН број 3.** *Приказ на промените во нивото на реализација на приходите и расходите во буџетот на Агенцијата за вработување на РМ во периодот од 2014 до 2018 година*

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата).*

Најголем износ на средства, 77 % од вкупно прибраните средства во буџетот на АВРМ, се прибираат преку наплата на приходи од придонеси за вработување (во просек 2.084.800.897 денари), кои во просек секоја година се зголемуваат за 6 %. Другите средства, 33 %, во буџетот на Агенцијата доаѓаат од непотрошени средства од претходната буџетска година (во просек 439.414.814 денари на годишно ниво); приходи од буџетот за активни мерки и политики за вработување (во просек 112.500.000 денари на годишно ниво); други приходи (во просек 439.414.814 денари на годишно ниво) и приходи од Обединетите нации (во просек 15.366.695 денари на годишно ниво), (види графикон број 4).




**ГРАФИКОН број 4.** *Приказ на реализирани приходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РМ во периодот од 2014 до 2018 година, по вид на остварен приход*

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата).*

Кога станува збор, пак, за расходите во буџетот на Агенцијата, најголем износ на средства, или во просек 72,8 %, се трошат за исплата на средства за обезбедување на паричен надоместок и други права за време на невработеност[8] (во просек 1.719.913.105 денари на годишно ниво) и тековно работење на стручните служби на оваа институција (во просек 248.779.027 денари на годишно ниво). Во текот на изминатите пет години се забележува тренд на намалување на трошоците за исплата на средства за обезбедување на паричен надоместок и други права за време на невработеност во просек за 4 %, а пак во исто време се забележува зголемување на тековните трошоци на Агенцијата за износот на средства што се скратени од средствата наменети за невработените граѓани. Преку средствата што се исплатуваат за тековното работење на стручните служби на АВРМ се покриваат различни видови на трошци, како: набавка на стоки и услуги; основни плати, придонеси и персонален данок на доход на платите на вработените лица во оваа институција; персонален данок на доход за исплатени надоместоци; исплата на надоместоци по различни договори; субвенции и трансфери и капитални расходи. Најголем износ на средства, од вкупно исплатените тековни трошоци, Агенцијата троши за исплата на основни плати, придонеси и персонален доход од плата за своите вработени (во просек 181.202.319 денари на годишно ниво), а пак најголем пораст на средства во изминатите пет години се бележи кај расходната ставка капитални расходи, кои во просек секоја година се зголемуваат за 104 %. (види графикон број 5).




**ГРАФИКОН број 5.** *Приказ на реализирани расходи во буџетот на Агенцијата за вработување на РМ во периодот од 2014 до 2018 година, по вид на направен трошок*

*Извор: Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата)*

## Наоди и препораки за унапредување на процесот на планирање и реализација на приходите и расходите во буџетот на АВРМ

- АВРМ, на годишно ниво, прибира во просек 13,6 % повеќе приходи од планираниот износ, а пак троши 25,6% помалку од вкупниот износ на остварени приходи. Оттука, **потребно е да се унапредат капацитетите за буџетско планирање и извршување на АВРМ на тој начин што Агенцијата ќе го планира и ќе го извршува својот буџет врз основа на реалните потреби и капацитети. Во исто време, износот на приходи што Агенцијата во континуитет не го искористува треба да го намени за зголемување на опфатот на крајните корисници со мерки, програми и услуги за вработување што се покажале како ефикасни, како и за воведување на нови што ќе одговараат на реалните потреби на граѓаните, со посебен фокус на ранливите категории и жените.**

- Расходите во буџетот на АВРМ се намалуваат во просек за 5 % на годишно ниво, а секоја година се остваруваат 10 % повеќе приходи. **Потребно е да се преземат активности за унапредување на нивото на реализација на планираните мерки, програми и услуги за вработување.**

[8] Не постои јавно достапен податок дали во овој износ на средства и во колкав процент се средства исплатени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување.

## 1.2. Движење на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во периодот од 2014 до 2018 година

АВРМ, во периодот од 2014 до 2018 година, во просек секоја година планира 21 % повеќе средства за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување или во просек 981.571.653 денари на годишно ниво. Најголем износ на средства Агенцијата издвојува за спроведување на програмата за самовработување или 29 %, програмата за субвенционирано вработување преку ослободување од плаќање на придонеси или 24 %, други програми и мерки за вработување или 43 % и услуги за вработување или 4 %.

За финансирање на програмите, мерките и услугите за вработување АВРМ користи различни извори на средства, меѓу кои средства од буџетот на РМ и средства од грантови, донации и кредити, кои Агенцијата самостојно ги менаџира, и средства од буџетот на РМ и буџетот на УНДП, кои ги менаџира УНДП. Па така, од буџетот на РМ, преку буџетите на АВРМ и МТСП, кои Агенцијата директно ги реализира, се издвојува во просек, на годишно ниво, 67 % од годишните потреби за спроведување на програмите, мерките и услугите за вработување, а пак од средствата обезбедени преку донации, грантови и кредити од Светска банка, Меѓународната организација на трудот, Универзитетот за туризам, Комората за приватно обезбедување и Инструментот за претпристапна помош (ИПА) се покриваат 7 % од потребните средства. Останатите средства за спроведување на програмите, мерките и услугите за вработување, 26 %, Агенцијата од буџетот на РМ ги ѝ префрлува на УНДП, а пак УНДП учествува со 1 %.

Според наодите од спроведената анализа, највисок пораст се бележи кај средствата кои АВРМ од буџетот на РМ ѝ ги префрла на УНДП за спроведување на програмите, мерките и активностите за вработување (во 2014 година од буџетот на РМ не било планирано да ѝ се префрлат средства на УНДП, во 2016 година било планирано да се префрлат 49.400.000 денари, во 2017 година - 541.247.050 денари, а пак во 2018 година - 405.881.283 денари). За сметка на овој пораст, сопственото учество на УНДП во финансирањето на активните програми, мерки и услуги за вработување драстично се намалува во изминатите пет години. Односно, во 2014 година УНДП учествувала со 7.788.240 денари, а пак во 2018 година повеќе не учествува во финансирање на нивната реализација. Намалувањето на учеството на УНДП во финансирањето на програмите, мерките и услугите се бележи од година во година, во 2016 година оваа организација ги намалила средства за оваа намена за 7,42 % во однос на 2014 година и во 2017 година ги намалила за 44,11 % во однос на 2016 година. Значаен пресврт во финансирањето на програмите, активностите и мерките за вработување се случил во 2017 година, кога 55 % од средствата за оваа намена било планирано да се префрлат и да раководи УНДП. За сметка на тоа, АВРМ го намалува износот на средства кои самостојно ги менаџира за 45 % од просечниот годишен износ (види графикон број 6).




**ГРАФИКОН број 6.** *Приказ на износот на средства за финансирање на програмите, мерките и услугите за вработување по извори на финансирање во периодот од 2014 до 2018 година, по вид на направен трошок*

***Извор:*** *Годишни извештаи за реализација на програмите и буџетот на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година. (Напомена: 2018 година претставува тековна година и за неа во периодот на подготовка на анализата сè уште не е објавен извештај за реализација на програмите и буџетот на Агенцијата).*

Во 2018 година се бележи значително намалување на средствата за спроведување на активните програми, мерки и услуги во однос на претходната 2017 година. Односно, средствата за оваа намена се намалени за 437.206.282 денари или пак за 44 %. Намалувањето на средствата е резултат на кратењето на фондовите за обезбедување на услугите за вработување [9] за 81 % и фондовите за спроведување на програмата за субвенционирано вработување преку ослободување од плаќање на придонеси за 87 %. Пораст во 2018 година, во однос на претходната година, единствено се бележи кај средствата за спроведување на програмата за самовработување (33 %) и за другите програми и мерки за вработување (2,28 %), (види графикон број 7).




**ГРАФИКОН број 7.** *Приказ на движење на средствата за спроведување на програмите, мерките и услугите за вработување од оперативните планови на АВРМ во периодот од 2014 до 2018 година*

***Извор:*** *Годишни програми за спроведување на програмите, мерките и услугите за вработување на АВРМ за периодот од 2014 до 2018 година.*

Средствата предвидени во годишниот буџет на АВРМ за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување, освен за нивно редовно спроведување, се трошат и за подмирување на обврски за спроведени активности во рамки на оперативните планови од претходните години. Односно, секоја година Агенцијата има неисплатени обврски кон извршителите вклучени во реализација на оперативниот план, во просек од 24.412.370 денари. Па така, во 2018 година износот на обврски е за 16 % повисок во однос на 2017 година, од кои во просек 46 % се неизмирени обврски кон УНДП.

За промоција на активносите од оперативните планови за вработување, јавни огласи и соопштенија Агенцијата издвојува различен износ на средства. Во 2015 и 2018 година вакви трошоци не се предвидени во буџетот на АВРМ. Просечниот износ на средства што се издвојува за оваа намена изнесува 2.199.780 денари. Во 2017 година, кога за последен пат била планирана промоција на програмите, мерките и услугите за вработување, Агенцијата издвоила 158 % повеќе средства во однос на претходната година или 76 % повеќе во однос на 2014 година. Но, и покрај издвојувањето на средствата за промовирање на мерките, програмите и услугите за вработување, 83 % од вкупниот број невработени лица опфатени со истражувањето не се запознаени со можностите што произлегуваат од оперативните планови за вработување, односно ги нудат програмите, мерките и услугите за вработување (135 лица воопшто не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување и не се запознаени со можностите што произлегуваат од оперативните планови, а пак 66 знаат дека имаат право на пристап, но не се запознаени со мерките, програмите и услугите за вработување).

[9] Во услуги за вработување влегуваат следните: помош при барање работа, обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа, мотивациски обуки, посредување при вработување, подготовка за вработување и за работа, обука за животни вештини и мотивација, професионална ориентација и кариерно советување, услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување, услуги за активирање на млади невработени лица, едукација за користење на онлајн услуги на АВРМ и саеми за вработување.

### Наоди и препораки за унапредување на процесот на планирање и трошење на средствата предвидени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување

• Во периодот од 2014 до 2018 година се бележи значителен пораст на средствата кои АВРМ од буџетот на РМ ѝ ги префрла на УНДП за спроведување на програмите, мерките и активностите за вработување (во 2014 година не било планирано од буџетот на РМ да ѝ се префрлат средства на УНДП, во 2016 година било планирано да се префрлат 49.400.000 денари, во 2017 година - 541.247.050 денари, а пак во 2018 година - 405.881.283 денари). За сметка на овој пораст, сопственото учество на УНДП во финансирањето на активните програми, мерки и услуги за вработување драстично се намалува во изминатите пет години. **Потребно е Агенцијата во целост да го преземе спроведувањето на програмите, мерките и услугите за вработување и да ја елиминира праксата на континуирано одлевање на средства од државниот буџет во буџетите на меѓународните организации врз кои нема контрола. Дополнително, да се преземат активности за обезбедување на повеќе средства во својот буџет за реализација на мерките, програмите и услугите за вработување кои самостојно ќе ги менаџира.**

• Во 2018 година се бележи значително намалување на средствата за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување во однос на претходната 2017 година. Односно, средствата за оваа намена се намалени за 437.206.282 денари или пак за 44 %. **Потребно е да се преземат активности со кои ќе се гарантира дека средствата издвоени за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување нема да се намалуваат, односно прогресивно ќе се зголемуваат.**

• Секоја година Агенцијата има неисплатени обврски кон извршителите вклучени во реализација на оперативниот план, во просек од 24.412.370 денари. Па така, во 2018 година износот на неисплатени обврски е за 16 % повисок во однос на 2017 година, од кои во просек 46 % се неизмирени обврски кон УНДП. **Потребно е да се преземат активности за редовно сервисирање на тековните обврски на Агенцијата и елиминирање на праксата на континуирано креирање на долгови.** Ова е особено важно во услови кога Агенцијата секоја година остварува повисоки приходи и троши помалку средства од планираните.

• Просечниот износ на средства што се издвојува за промоција на мерките, програмите и услугите за вработување изнесува 2.199.780 денари. Во 2017 година, кога за последен пат била планирана промоција на програмите, мерките и услугите за вработување, Агенцијата издвоила 158 % повеќе средства во однос на претходната година или 76 % повеќе во однос на 2014 година. Но, и покрај издвојувањето на средствата за промовирање на мерките, програмите и услугите за вработување, 83 % од вкупниот број невработени лица опфатени со истражувањето не се запознаени со можностите што произлегуваат од оперативните планови за вработување, односно ги нудат програмите, мерките и услугите за вработување. **Во таа насока, потребно е да се преземат активности за континуирано инфомирање на граѓаните за правата и можностите што произлегуваат од оперативните планови за вработување и запознавање на крајните корисници со мерките, програмите и услугите за вработување.**

• За некои податоци презентирани во одговорите на барањата се утврди дека не се точни. На пример, во одговорите на Управата за јавни приходи, кои се однесуваат на реализација на програмата Македонија вработува, како вкупен износ на одобрено ослободување од плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување се наведува 121.180.611 денари, а пак збирот на поединечните податоци презентирани во истата табела реално изнесува 88.335.676 денари. **Да се преземат чекори за унапредување на квалитетот на податоците и деталноста на податоците содржани во одговорите подготвени и дадени во текот на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

• Идентификувани се грешки во податоците презентирани во јавно достапните податоци во годишните извештаи за работењето на АВРМ. На пример, во годишниот извештај за 2017 година е наведен износ на планирани приходи од 2.216.000.000 денари, а пак во ребалансот на буџетот на РМ е наведен износ на планирани приходи од 2.015.000.000 денари. Исто така, во годишниот извештај за 2016 година, доколку се соберат износите на прибраните приходи за поединечни видови на приходи, се добива збир од 2.638.936.151 денар, а пак во истиот извештај како вкупен износ на прибрани средства се наведува 2.432.765.697 денари. **Да се преземат чекори за унапредување на квалитетот на податоците и деталноста на податоците содржани во документите кои Агенцијата за вработување ги објавува на својата интернет-страница и да се зголем обемот на јавно достапни информации.**

# II. ПЛАНИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ, СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## II.1. Планирање и спроведување на програмата за субвенционирано вработување

Во текот на 2016 и 2017 година, колку што постоеше проектот **Македонија вработува 1** и **2**, Владата на РМ, преку буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, издвои вкупно 1.015.080 денари со цел да обезбеди помош за работодавачите преку ослободување од плаќање на придонеси за вработување за 10 000 невработени граѓани. Во истиот период, според информациите добиени од Управата за јавни приходи на РМ, од плаќање на придонеси биле ослободени 21 821 работодавач за вработување на 31 019 лица или 21 019 лица повеќе од предвидениот број. Работодавачите кои биле опфатени со оваа програма биле ослободени од плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, дополнително здравствено осигурување, вработување, бенефициран стаж и персонален данок на доход во износ од 1.401.109.591 денар или за 1.400.094.511 денари повеќе од планираниот износ. Износот на потрошени средства е за 1 380 пати повисок од планираниот износ.

| ПРОЕКТ | КАТЕГОРИЈА | ГОДИНА | БРОЈ НА РАБОТОДАВАЧИ | БРОЈ НА ЛИЦА | ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО МКД | ЗДРАВСТВО ОСИГУРУВАЊЕ ВО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 1 | Невработено лице до 35 години | 2016 | 4 796 | 7 742 | 244.150.417 | 99.005.080 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2016 | 2 056 | 2 616 | 82.779.420 | 33.574.965 |
| | Невработено лице над 50 години | 2016 | 2 088 | 3 331 | 113.724.868 | 46.125.419 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2016 | 737 | 796 | 27.996.748 | 11.356.833 |
| | Невработено лице над 58 години | 2016 | 172 | 194 | 6.506.269 | 2.638.875 |
| | Невработено лице до 35 години | 2017 | 4 361 | 6 639 | 164.771.310 | 66.811.063 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2017 | 1 888 | 2 307 | 57.064.014 | 23.142.328 |
| | Невработено лице над 50 години | 2017 | 1 927 | 3 084 | 79.945.017 | 32.421.876 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2017 | 634 | 675 | 17.682.649 | 7.171.376 |
| | Невработено лице над 58 години | 2017 | 159 | 170 | 4.589.772 | 1.861.441 |
| МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 2 | Невработено лице до 35 години | 2017 | 177 | 199 | 12.515.557 | 5.075.995 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2017 | 1 281 | 1 480 | 34.027.099 | 13.799.935 |
| | Невработено лице над 50 год | 2017 | 1 097 | 1 315 | 29.682.687 | 12.038.194 |
| | Невработено лице над 58 години | 2017 | 346 | 362 | 9.348.964 | 3.791.568 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2017 | 102 | 109 | 2.761.369 | 1.119.895 |
| **ВКУПНО** | | | **21 821** | **31 019** | **887.546.160** | **359.934.843** |

Важно е да се напомене дека за спроведувањето на оваа програма за вработување, Агенцијата за вработување предвидува но не исплаќа средства кон фондовите, односно ослободување од плаќање на придонеси, значи одрекување од наплатата на придонесите на плата на вработените лица како резултат на оваа програма.

Најголемо оштетување од оваа програма претрпел буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 887.546.160 денари, потоа Фондот за здравствено осигурување во износ од 384.599.593 денари, буџетот на Агенцијата за вработување во износ од 52.693.226 денари и Буџетот на РМ како резултат на ослободување од плаќање на персонален данок на доход и придонеси за бенефициран стаж во износ од 76.270.612 денари (види табела број 2).

| ПРОЕКТ | КАТЕГОРИЈА | ГОДИНА | ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВО ВО МКД | НАДОМЕСТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МКД | НАДОМЕСТ ЗА БЕНЕФИЦИРАН СТАЖ ВО МКД | ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД ВО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 1 | Невработено лице до 35 години | 2016 | 6.790.611 | 14.641.498 | 0 | 40.580.781 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2016 | 2.303.489 | 4.706.533 | 9.489 | 1.547.441 |
| | Невработено лице над 50 години | 2016 | 3.162.379 | 6.971.537 | 8.265 | 1.230.140 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2016 | 778.786 | 1.716.817 | 0 | 412.918 |
| | Невработено лице над 58 години | 2016 | 181.019 | 395.583 | 0 | 117.285 |
| | Невработено лице до 35 години | 2017 | 4.573.372 | 9.862.937 | 0 | 28.103.126 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2017 | 1.583.959 | 3.205.416 | 9.069 | 1.103.085 |
| | Невработено лице над 50 години | 2017 | 2.219.624 | 4.874.531 | 6.742 | 836.953 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2017 | 490.826 | 1.067.832 | 0 | 291.480 |
| | Невработено лице над 58 години | 2017 | 127.385 | 272.576 | 0 | 83.216 |
| МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 2 | Невработено лице до 35 години | 2017 | 347.861 | 756.851 | 0 | 208.482 |
| | Невработено лице од 35 до 50 години | 2017 | 944.800 | 1.824.716 | 3.402 | 764.212 |
| | Невработено лице над 50 год | 2017 | 824.285 | 1.733.639 | 1.869 | 626.316 |
| | Невработено лице над 58 години | 2017 | 259.676 | 510.149 | 0 | 175.639 |
| | Невработено лице - социјален ризик | 2017 | 76.678 | 152.611 | 0 | 150.702 |
| **ВКУПНО** | | | **24.664.750** | **52.693.226** | **38.836** | **76.231.776** |

***Извор:*** *Податоци содржани во одговорите на Управата за јавни приходи во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

**ТАБЕЛА број 2**. *Приказ на вкупниот број на корисници на програмата Македонија вработува 1 и 2 и вкупниот одобрен износ за ослободување од плаќање на придонеси на плата по кааттегории на корисници и видови на ослободување за 2016 и 2017 година*

Најголем износ на ослободување од плаќање на придонеси во текот на 2016 и 2017 година бил одобрен за вработување на невработени лица до 35 години (50 % од вкупиот износ на ослободување или пак 698.194.941 денар), а најмалку за невработени лица над 58 години (2% од вкупниот износ на ослободување или пак 30.859.417 денари). Дополнително, 19% од вкупниот износ на ослободување е одобрен за вработување на невработени лица на возраст од 35 до 50 години; 24% за невработени лица на возраст над 50 години и 5% за вработување на невработени лица со социјален ризик (види табела број 3).

| ОПИС НА КАТЕГОРИЈАТА НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 1 И 2 | ИЗНОС ВО ДЕНАРИ |
|---|---|
| Невработено лице до 35 години | 698.194.941 |
| Невработено лице од 35 до 50 години | 262.393.372 |
| Невработено лице над 50 години | 336.434.341 |
| Невработено лице - социјален ризик | 73.227.520 |
| Невработено лице над 58 години | 30.859.417 |
| ВКУПНО ОДОБРЕН ИЗНОС ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ | **1.401.109.591** |

**ТАБЕЛА број 3.** *Приказ на вкупно одобрен износ за ослободување од плаќање на придонеси на плата по категории на корисници за 2016 и 2017 година*

*Извор: Податоци содржани во одговорите на Управата за јавни приходи во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

### Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на програмата за субвенционирано вработување

- Во текот на 2016 и 2017 година, преку проектот Македонија вработува 1 и 2, Владата на РМ, преку буџетот на Агенцијата за вработување на РМ го оштети буџетот за 1.401.109.591 денар или за 1.400.094.511 денари повеќе од планираниот износ (1.015.080 денари) преку ослободување од плаќање на придонеси за вработување за 31 019 лица или 21 019 лица повеќе од предвидениот број (10 000). Да се преземат мерки за проценка на ефикасноста на програмата за субвенционирано вработување, односно утврдување на придонесот на оваа програма кон намалување на стапката на невработеност на долг рок и нејзините негативни фискални импликации врз целокупната економска состојба и фискален капацитет на државата.

## II.2. Планирање и спроведување на програмата за самовработување

Програмата за самовработување, гледано од аспект на износот на средства што се издвојуваат за нејзина реализација, претставува една од најскапите програми за вработување што ги имплементира државата во изминатите четири години. Преку трошење на средствата за реализација на оваа програма, Владата на РМ има за цел да ја намали стапката на невработеност низ поттикнување на претприемништво и започнување со сопствен бизнис. За реализација на оваа програма се издвојуваат 29% од вкупно планираните средства за спроведување на активните програми, мерки и услуги за вработување или 13% од вкупните проектирани приходи на АВРМ. За спроведување на оваа програма во изминатите четири години (од 2014 до 2017), од буџетот на РМ се исплатени 998.710.697 денари или за 7 % повеќе од проектираните трошоци за оваа намена, од кои 79% претставуваат средства што се одлеале од буџетот на државата во буџетот на УНДП и врз кои државата нема никаква контрола. Со овие средства било помогнато самовработување на 3 978 лица, што пак е за две лица помалку од проектираниот опфат со оваа мерка (бил планиран опфат на 3.980 лица) (види табела број 4).

Износот на средства што се трошат за спроведување на оваа програма во изминатите четири години се зголемува во просек за 25% на годишно ниво. Најголем износ на средства што се потрошени за реализација на програмата за самовработување е евидентиран во 2017 година (350.319.750 денари), а пак најмал во 2014 година (183.045.647 денари). При анализа на потрошените средства за спроведување на оваа програма може да се воочи дека износот на средства што го менаџира АВРМ се намалува со зголемување на средствата за оваа програма, а пак во исто време се зголемува износот на средства што државата ѝ го префрла на УНДП (во 2017 година изнесува 350.319.750 или 100 % од износот на оваа програма, а пак во 2014 година 13.395.800 денари), (види табела број 4).

Во периодот од 2014 до 2017 година, преку програмата за самовработување, било предвидено да се помогне основање на сопствен бизнис на повеќе од половина од лицата што учествувале на обуката за развој на бизнис-идеја и претприемништво (64%), која е иницијален чекор во спроведувањето на оваа програма, а била обезбедена помош за 61% или пак четири процентни поени помалку од планираниот број.

| ОПИС НА АКТИВНОСТ | 2014 | | | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно |
| Број на лица што се пријавиле за учество на обука - ОП Програма за самовработување | 1 130 | 1 957 | **3 087** | нема податок | нема податок | **2 450** | нема податок | нема податок | **2 523** | 1 013 | 1 608 | **2 621** |
| Број на учесници што аплицирале за учество на обуките за претприемништво (бизнис-идеја со маркетиншки план) | 929 | 1 626 | **2 555** | 701 | 1 377 | **2 078** | нема податок | нема податок | **2 311** | нема податок | нема податок | 2 404 |
| Број на лица селектирани за учество на обука - ОП Програма за самовработување | 669 | 1 099 | **1 768** | 575 | 1 074 | **1 649** | нема податок | нема податок | **1 666** | 560 | 917 | 1 477 |
| Број на лица што завршиле обука - ОП Програма за самовработување | 485 | 804 | **1 289** | 447 | 807 | **1 254** | нема податок | нема податок | **1 390** | нема податок | нема податок | 1 341 |
| Број на лица селектирани за изработка на бизнис-план - ОП Програма за самовработување | 401 | 666 | **1 067** | 380 | 694 | **1 074** | нема податок | нема податок | **1 180** | нема податок | нема податок | 1 155 |
| Број на лица селектирани за регистрација - ОП Програма за самовработување | 376 | 659 | **1.035** | 361 | 664 | **1 025** | нема податок | нема податок | **1 009** | 689 | 411 | **1 100** |
| Број на лица со селектирани БП што се откажале од поддршка - ОП Програма за самовработување | 38 | 57 | **95** | 27 | 46 | **73** | нема податок | нема податок | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Број на лица што потпишале договор за грант - ОП Програма за самовработување | 338 | 602 | **940** | 333 | 613 | **946** | 428 | 581 | **1 009** | 679 | 404 | **1 083** |
| Број на лица што се пријавиле за дополнително вработување - ОП Програма за самовработување | 82 | 150 | **232** | 69 | 154 | **223** | 108 | 168 | **276** | 67 | 103 | **170** |
| Број на лица селектирани за дополнително вработување - ОП Програма за самовработување | 56 | 97 | **153** | 33 | 63 | **96** | нема податок | нема податок | | нема податок | нема податок | |
| Број на лица што обезбедиле средства за дополнително вработување | нема податок | нема податок | | нема податок | нема податок | | 14 | 36 | 50 | 27 | 43 | **70** |
| Број на лица што ја користеле програмата Македонија вработува, а се корисници на програмата за самовработување | не апли-кативно | не апли-кативно | **не апликативно** | не апли-кативно | не апли-кативно | **не апликативно** | 493 | 353 | 846 | 138 | 76 | **214** |
| Вкупно средства за доделување на поддршка од неповратни средства за започнување со сопствен бизнис | | | 183.045.647 | | | 225.000.000 | | | 240.345.300 | | | 350.319.750 |
| *од буџетот на АВРМ кон УНДП* | | | 13.395.800 | | | 221.729.515 | | | 205.745.300 | | | 350.319.750 |
| *од буџетот на АВРМ кон АВРМ* | | | 169.649.847 | | | 3.270.485 | | | 34.600.000 | | | 0 |

***Извор:*** *Податоци содржани во одговорите на Агенцијата за вработување во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

**ТАБЕЛА број 4**. *Приказ на вкупно опфатени мажи и жени со секоја од фазите на имплементација на програмата за самовработување и вкупно потрошени средства за програмата за самовработување во периодот од 2014 до 2017 година*

### Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на програмата за самовработување

- За спроведување на оваа програма во изминатите четири години (во периодот од 2014 до 2017 година), од буџетот на РМ се исплатени 998.710.697 денари или за 7 % повеќе од проектираните трошоци за оваа намена, од кои 79 % претставуваат средства што се одлеале од буџетот на државата во буџетот на УНДП и врз кои државата нема никаква контрола. Со овие средства било помогнато самовработување на 3 978 лица, што пак е за две лица помалку од проектираниот опфат со оваа мерка (бил планиран опфат на 3.980 лица). **Да се преземат мерки за проектирање на трошоците за спроведување на програмата за самовработување врз основа на реалните потреби на пазарот на трудот и реалните капацитети за работење на АВРМ, на тој начин што нема да се креира дефицит при спроведување на програмата и нема да се кратат средства планирани за реализација на други мерки, програми и услуги.**
- При анализа на потрошените средства за спроведување на програмата за самовработување може да се воочи дека износот на средства што го менаџира АВРМ се намалува со зголемување на средствата за оваа програма, а пак во исто време се зголемува износот на средства што ѝ го префрла државата на УНДП (во 2017 година изнесува 350.319.750 или 100 % од износот на оваа програма, а пак во 2014 година 13.395.800 денари). **Агенцијата да ја преземе целокупната одговорност и контрола врз планирањето и спроведувањето на програмата за самовработување на тој начин што самостојно ќе ја реализира и нема да исплатува средства од буџетот на државата на други организации што би ја спроведувале програмата.**

## II.3. Планирање и спроведување на услугите за вработување

**Услугите за вработување претставуваат суштински дел од активните политики на пазарот на трудот**, односно претставуваат услуги што ги обезбедуваат вработените во АВРМ на своите крајни корисници (невработени и работодавачи). **Но**, и покрај тоа што услугите претставуваат суштински дел од работењето на АВРМ, тие **во исто време се и суштинска слабост на оваа институција, особено во делот на стратешко планирање на видот и обемот на услуги што им ги нуди оваа институција на своите корисници (секоја година се предвидува идентичен број на невработени граѓани и работодавачи што ќе бидат потенцијални корисници на услугите и се издвојува ист износ на средства за нивна реализација без да се земат предвид промените на пазарот на трудот), начинот на нивно обезбедување (не постојат протоколи за постапување при обезбедување на услугите на потенцијалните корисници), начинот на нивно евидентирање (не се води програмска и буџетска евиденција за бројот на обезбедени услуги и износот на потрошени средства, односно податоците што се јавно достапни значително отстапуваат од оние што агенцијата ги обезбеди во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер) и начинот на нивна евалуација (не постојат воспоставени системи за следење на ефектите од секоја обезбедена услуга, односно мерење на стапката на вработеност како резултат на секоја поединечна услуга обезбедена од Агенцијата).**

**Во групата на услуги за вработување што ги обезбедува АВРМ влегуваат следните: помош при барање работа; обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа; мотивациски обуки; услуги за работодавачите; подготовка за вработување и за работа; професионална ориентација и кариерно советување; едукација за користење на услугите на АВРМ; обука за животни вештини и мотивација и саеми за вработување.**

За услугата **помош при барање работа секоја година во анализираниот период е проектирано да се потрошат 3.360.000 денари и да се обезбеди помош при барање работа за 10 000 невработени граѓани.** Во истиот период годишните извештаи за работењето на Агенцијата и податоците добиени во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер не покажуваат колкав износ на средства се потрошени за обезбедување на овој вид помош за невработените граѓани, а пак според податоците содржани во годишните извештаи на Агенцијата на годишно ниво во рамки на оваа услуга се реализираат во просек 230 538 услуги за невработени лица од кои само 27% се однесуваат на жени (види табела број 5).

Услугата **обука за подготовка за вработување и вештини за барање на работа**, според податоците содржани во годишните оперативни планови за вработување, било планирано да се обезбеди само за две години од анализраниот период (2014 и 2017 година), со тоа што во 2014 година за оваа намена биле издвоени 89 % повеќе средства[10] во однос на 2017 година и бил предвиден опфат на 83 % повеќе лица[11]. Во годишниот извештај за работењето на Агенцијата и информациите презентирани во одговорите на барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер, нема податок за тоа колкав број на лица биле опфатени со обуката за подготовка за вработување и вештини за барање на работа и износот на потрошени средства за нејзино спроведување во 2014 година. Додека, пак, во 2017 година, според годишниот извештај за работењето на Агенцијата, со обуката се опфатени 875 невработени лица од планирани 1 400, од кои 63 % се жени. И за 2017 година нема јавно достапен податок за износот на потрошени средства за нејзино спроведување (види табела број 5).

---

[10] Во 2014 година се планирани средства во износ од 76.149.843 денари, а пак во 2017 година 8.610.000 денари.

[11] Во 2014 година е планиран опфат на 8 904 лица, а пак во 2017 година на 1 400 лица.

За спроведување на услугата **мотивациски обуки** секоја година, во изминатите четири години, се издвојува 2.688.000 денари и се предвидува опфат на 8 000 невработени лица. Освен во 2014 година, кога со оваа обука било предвидено да се опфатат 3 000 невработени лица, а средства за нејзино спроведување не се издвоени. Во истиот период, според информациите содржани во годишниот извештај за работењето на АВРМ на годишно ниво, со мотивациски обуки се опфаќаат во просек 9 884 невработени лица или за 19 % повеќе од проектираниот износ, од кои 40 % се жени. Како и за другите услуги за вработување, така и за оваа услуга не постои јавно достапен податок за износот на потрошени средства за нејзино спроведување (види табела број 5).

Во анализираниот период (од 2014 до 2017 година) со услугата **посредување при вработување** се предвидува годишно постапување во однос на 3 000 барања за посредување при вработување и за таа намена се предвидува буџет во износ од 1.008.000 денари. Важно е да се напомене дека оваа услуга не е предвидена во Оперативниот план за вработување за 2014 година. Во истиот временски период во просек на годишно ниво Агенцијата добива и постапува по 4 469 барања за посредување при вработување или за 33 % повеќе од очекуваниот број. Износот на потрошени средства за постапување по добиените барања за посредување при работа не е јавно достапен, а пак дополнително не е достапен ни податок за тоа колкав број на жени се опфатени со оваа услуга (види табела број 5).

Кога станува збор за услугата **услуги за работодавачите,** состојбата е идентична како и во претходно образложените услуги. Односно, за оваа услуга секоја година, во периодот од 2014 до 2017 година, АВРМ предвидува обезбедување на помал обем на услуги од потребниот на годишно ниво. Односно, се предвидува обезбедување на услуги на 5 000 работодавачи, а пак секоја година се обезбедуваат услуги за 48 % повеќе работодавачи од планираниот износ. Кога пак станува збор за износот на проектирани и потрошени средства, секоја година се предвидува буџет од 1.680.000 денари и притоа не се води финансиска евиденција за тоа колку средства се потрошени за оваа услуга (види табела број 5).

Услуга за која Агенцијата секоја година предвидува повисок опфат а не успева да го оствари е услугата **подготовка за вработување и за работа**. Односно, за оваа услуга секоја година се предвидува опфат на 3 000 невработени лица, а се опфаќаат во просек 1 620 невработени лица или пак 46 % помалку од предвидениот износ, од кои повеќе од половина (919) се жени. За спроведување пак на оваа услуга се издвојуваат 1.008.000 денари и како и кај другите услуги не постои јавно достапен податок за тоа колкав износ на средства од издвоените се потрошени за подготовка на невработените лица за вработување и работа (види табела број 5).

Значајно е да се напомене дека услугите **обука за животни вештини и мотивација и саеми за вработување се услуги што за прв пат се јавуваат во Оперативниот план за вработување за 2017 година, иако во годишните извештаи за работењето на АВРМ се јавуваат како тековни услуги што ги обезбедува Агенцијата.** Во 2017 година за обуката за животни вештини и мотивација се предвидени 5.000.000 денари, што е значително повисок износ во однос на износот издвоен за реализација на другите услуги и се предвидува опфат на 2 000 невработени лица. Во годишниот извештај за 2017 година нема достапен податок за тоа колку лица се опфатени со оваа обука и колку средства се потрошени за нејзина реализација. Кога станува збор, пак, за организирање на саеми за вработување, Агенцијата во својот годишен план за 2017 година нема планиран опфат на невработени лица и компании, но предвидува 7.000.000 денари или пак 19 % од вкупните средства за обезбедување услуги за вработување за оваа намена. Во текот на 2017 година, преку форуми со работодавачи во рамки на саемите за вработување, биле опфатени 197 работодавачи; со инфосредби со млади лица во рамки на саемите биле опфатени 258 млади лица и 252 работодавачи биле присутни на семите за вработување (види табела број 5).

За услугата **професионална ориентација и кариерно советување** секоја година се предвидува опфат на 1 800 невработени лица, а пак во исто време се опфаќаат 34 % повеќе лица. Додека, пак, за реализација на оваа услуга се издвојува 604.800 денари на годишно ниво, но не постои јавно достапен податок за тоа колкав е износот на потрошени средства за оваа намена (види табела број 5).

Во 2016 година за прв пат е предвидено Агенцијата да започне со спроведување на едукација за користење на услугите на АВРМ, наменета за невработени лица. При тоа е предвидено да се едуцираат 200 лица и да се потрошат 900.000 денари на годишно ниво. Во периодот на изминатите две години, откако е воведена оваа услуга, нема податок за тоа колку средства се потрошени за спроведување на овие едукации, но постои податок во годишните извештаи за работењето на Агенцијата дека во просек на годишно ниво се едуцираат 4 893 лица (види табела број 5).

Значајна промена, кога зборуваме за зголемување на износот на расположливи средства и проектираниот опфат, во периодот од 2014 до 2017 година, е настаната кај средствата издвоени за реализација на услугите за активирање на поединци изложени на ризик од социјалено исклучување и млади невработени лица. Односно, во 2017 година за оваа услуга се издвоени 885.375 денари повеќе во однос на износот што се издвојувал за оваа намена во претходните годнини, а пак предвидено е зголемување во опфтот само за 700 лица. Важно е да се напомене дека сите услуги, освен оваа услугата за активирање на поединци изложени на ризик од социјалено исклучување и млади невработени лица, ги обезбедуваат вработените на АВРМ. Оваа услуга, во изминатите години, ја обезбедува и целиот износ на средства го менаџира УНДП. Така на пример во 2017 година за спроведување на оваа услуга било предвидено да се потрошат 4.676.175 денари, при што од буџетот на АВРМ - 3.452.175 денари, а пак од буџетот на УНДП - 1.224.000 денари (види табела број 5).

| ОПИС НА АКТИВНОСТ | 2014 | | | | | 2015 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планиран опфат | Вкупен опфат | Опфат на жени | Планиран буџет | Реализиран буџет | Планиран опфат | Вкупен опфат | Опфат на жени | Планиран буџет | Реализиран буџет |
| помош при барање на работа | 0 | изработени 216 759 индивидуални планови за вработување | нема податок | 0 | **нема податок** | 10 000 | 294 419 услуги за невработени лица | 131 966 услуги за невработени лица | 3.360.000 | **нема податок** |
| обука за подготовка за вработување и вештини за барање на работа | 8 094 | нема податок | нема податок | 76.149.843 | **нема податок** | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** |
| мотивациски обуки | 3 000 | 15 622 | нема податок | 0 | **нема податок** | 8 000 | 11 768 | 5 358 | 2.688.000 | **нема податок** |
| посредување при вработување | 0 | 4 440 | нема податок | 0 | **нема податок** | 3 000 | 4 655 | нема податок | 1.008.000 | **нема податок** |
| услуги за работодавачите | 0 | нема податок | нема податок | 0 | **нема податок** | 5 000 | 15 077 | нема податок | 1.680.000 | **нема податок** |
| подготовка за вработување и за работа | 0 | 1 818 | нема податок | 0 | **нема податок** | 3 000 | 2 055 | 1 164 | 1.008.000 | **нема податок** |
| обука за животни вештини и мотивација | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** |
| професионална ориентација и кариерно советување | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 1 800 | 2 927 | 1 409 | 604.800 | **нема податок** |
| услуги за активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување и млади невработени лица | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 0 | 2 541 | 391 жена е информирана за активните мерки, но нема податок за тоа колку жени учствувале на инфосредбите со млади лица | 3.790.800 | **нема податок** |
| едукација за користење на услугите на АВРМ | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** |
| саеми за вработување | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | нема податок | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | нема податок |
| **ВКУПНО** | 11 094 | | | 76.149.843 | | 30 800 | | | 14139.600 | |

**ТАБЕЛА број 5**. *Приказ на вкупно планиран и реализиран опфат и планирани и потрошени средства за спроведување на услугите за вработување предвидени со Оперативниот план за вработување за периодот од 2014 до 2017 година*

| ОПИС НА АКТИВНОСТ | 2016 | | | | | 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планиран опфат | Вкупен опфат | Опфат на жени | Планиран буџет | Реализиран буџет | Планиран опфат | Вкупен опфат | Опфат на жени | Планиран буџет | Реализиран буџет |
| помош при барање на работа | 10 000 | 284 476 услуги за невработени лица | 129 154 услуги за невработени лица | 3.360.000 | **нема податок** | 10 000 | 126 499 услуги за невработени лица | 58 123 услуги | 3.360.000 | **нема податок** |
| обука за подготовка за вработување и вештини за барање на работа | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 1400 | 875 | 549 | 8.610.000 | **нема податок** |
| мотивациски обуки | 8 000 | 8 792 | 4 621 | 2.688.000 | **нема податок** | 8 000 | 3 353 | 1 789 | 2.688.000 | **нема податок** |
| посредување при вработување | 3 000 | 4 606 | | 1.008.000 | **нема податок** | 3 000 | 4 174 | нема податок | 1.008.000 | **нема податок** |
| услуги за работодавачите | 5 000 | 6 693 | | 1.680.000 | **нема податок** | 5 000 | 6 881 | нема податок | 1.680.000 | **нема податок** |
| подготовка за вработување и за работа | 3 000 | 2 075 | 1 250 | 1.,008.000 | **нема податок** | 3 000 | 533 | 343 | 1.008.000 | **нема податок** |
| обука за животни вештини и мотивација | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | 2 000 | нема податок | нема податок | 5.000.000 | **нема податок** |
| професионална ориентација и кариерно советување | 1 800 | 3 271 | 1 621 невра-ботени, но нема податок за бројот на ученички и студентики кои учествувале на овие обуки | 604.800 | **нема податок** | 1 800 | 2 010 | нема податок | 604.800 | **нема податок** |
| услуги за активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување и млади невработени лица | 1 300 | 1146 | 529 | 3.790.800 | **нема податок** | 2 000 | 1 013 | 475 | 4.676.175 | **нема податок** |
| едукација за користење на услугите на АВРМ | 200 | 9 043 | нема податок | 900.000 | **нема податок** | 200 | 743 | 370 | 900.000 | **нема податок** |
| саеми за вработување | 0 | не е предвидена оваа услуга | не е предвидена оваа услуга | 0 | **нема податок** | - | форуми со работодавачи со кои биле опфатени 197 работодавачи; инфо средби со млади лица во рамки на саемите со кои биле опфатени 258 млади лица и 252 работодавачи биле присутни на семите за вработување | нема податок | 7,000,000 | **нема податок** |
| **ВКУПНО** | 32 300 | | | 15.039.600 | | 36 400 | | | 36,534,975 | |

***Извор:*** *Годишни оперативни планови за вработување и годишни извештаи за работењето на Агенцијата за вработување.*

### Наоди и препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на услугите за вработување

- Услугите за вработување претставуваат суштински дел од активните политики на пазарот на трудот, но во исто време се и суштинска слабост на оваа институција, особено во делот на стратешко планирање на видот и обемот на услуги што им ги нуди оваа институција на своите корисници (секоја година се предвидува идентичен број на невработени граѓани и работодавачи што ќе бидат потенцијални корисници на услугите и се издвојува ист износ на средства за нивна реализација без да се земат предвид промените на пазарот на трудот), начинот на нивно обезбедување (не постојат протоколи за постапување при обезбедување на услугите на потенцијалните корисници), начинот на нивно евидентирање (не се води програмска и буџетска евиденција за бројот на обезбедени услуги и износот на потрошени средства, односно податоците што се јавно достапни значително отстапуваат од оние што ги обезбеди Агенцијата во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер) и начинот на нивна евалуација (не постојат воспоставени системи за следење на ефектите од секоја обезбедена услуга, односно мерење на стапката на вработеност како резултат на секоја поединечна услуга обезбедена од Агенцијата). **Да се преземат мерки за унапредување на: начинот на планирање на видот и обемот на услуги на тој начин што опфатот со секоја од услугите и средствата за реализација на секоја од услугите ќе се проектираат според реалните годишни потреби на крајните корисници; начинот на нивно обезбедување, така ќе се воспостават протоколи за постапување при обезбедување на услугите на потенцијалните корисници; начинот на нивно евидентирање, при што ќе се води програмска и буџетска евиденција за бројот на обезбедени услуги и износот на потрошени средства за секоја од услугите; и начинот на нивна евалуација, така што ќе се воспостави системи за следење на ефектите од секоја обезбедена услуга, односно мерење на стапката на вработеност како резултат на секоја поединечна услуга обезбедена од Агенцијата.**

# III. ОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ, ЗАПОЗНАЕНОСТА, КОРИСНОСТА, И ПРИСТАПНОСТА ДО МЕРКИТЕ, ПРОГРАМИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## III.1. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица

### III.1.1. Пристапот до програмите, мерките и услугите за вработување е органичен за граѓаните, со посебен фокус на жените, заради нерегистрирање во евиденцијата на невработени во АВРМ

**Повеќе од половина од невработените граѓани опфатени со истражувањето (63 %), во сите четири општини, се лица што се долгорочно невработени,** односно не се вработени повеќе од четири години (види табела број 6). Кога станува збор за должината на невработеност кај жените, сликата е идентична како и за општата популација. Односно, од вкупниот број на невработени жени, 64 % се жени невработени повеќе од четири години. Во исто време, долгорочната невработеност на граѓаните е проследена и со долгорочно неевидентирање во системот на невработени на АВРМ (82 % не можат да одредат колкав период не се регистрирани или пак не се регистрирани подолго од 2 години). А, пак, сето ова води кон тоа најголем број од невработените граѓани, кои се долгорочно невработени, да немаат право да ги користат активните мерки, програми и услуги за вработување заради недоверба[12] и неевидентирање во системот на невработени на АВРМ.

| ПЕРИОД НА НЕВРАБОТЕНОСТ | Општина | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Битола | Тетово | Струмица | Св. Николе |
| до 1 месец | 8 | 10 | 5 | 19 |
| 2 – 5 месеци | 3 | 2 | 7 | 13 |
| 6 – 11 месеци | 8 | 4 | 10 | 12 |
| 12 – 17 месеци | 9 | 1 | 15 | 9 |
| 18 – 23 месеци | 12 | 4 | 9 | 0 |
| 2 години | 31 | 16 | 12 | 27 |
| 3 години | 18 | 14 | 10 | 18 |
| 4 години и повеќе | 112 | 153 | 106 | 149 |
| ВКУПНО | **201** | **204** | **174** | **247** |

**ТАБЕЛА број 6.** *Приказ на бројот на невработени лица опфатени со теренското истражување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, според периодот на невработеност*

[12] Причините за нерегистрирање се бројни и се образложени подолу во ова поглавје од анализата.

__Пристапот до активните мерки, програми и услуги за вработување е значително ограничен за граѓаните на општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе заради малиот процент на граѓани (54 %), од кои 50 % се жени, што се регистрираат во евиденцијата на АВРМ.__ Регистрацијата во евиденцијата на АВРМ, пак, претставува предуслов за користење на мерките, програмите и услугите за вработување.

__Најзагрижувачка е состојбата во општина Тетово, каде 70 % од испитаните граѓани не се регистрирани во евиденцијата на АВРМ__ и воопшто немаат пристап до мерките, програмите и услугите за вработување (види графикон број 8). Во малку подобра состојба се наоѓаат општините: Струмица (48 % од испитаниците не се регистрирани), Битола (39 % од испитаниците не се регистрирани) и Св. Николе, каде состојбата е најповолна (18 % од испитаниците не се регистрирани). Но и покрај тоа, во овие три општини неевидентирањето на граѓаните во евиденцијата на АВРМ е еден од основните проблеми што го ограничуваат пристапот до активните мерки, програми и услуги за вработување. Доколку проблемот на нерегистрација во евиденцијата на АВРМ се разгледува од родова перспектива, во тој случај може да се воочи дека пристапот кон регистрација во системот на Агенцијата е идентичен и за обата пола, односно и мажите (52 % од нерегистрираните лица) и жените (48 % од нерегистрираните лица) речиси во подеднаков број не се регистрираат како невработени во АВРМ и со тоа немаат право на пристап до активните програми, мерки и исулуги за вработување. __Најзагрижувачка е состојбата во општината Тетово, каде 75 % од вкупниот број опфатени жени се нерегистрирани во евиденцијата на АВРМ.__ Во другите општини процентот на нерегистрирани жени од вкупниот број на жени е понизок од половина, односно во Струмица не се регистрирани 42 % од вкупниот број жени, а пак во Битола 33 % и во Свети Николе 28 %. Најголема разлика помеѓу вкупниот број на нерегистрирани граѓани и вкупниот број на нерегистрирани жени се забележува во општина Св. Николе, односно жените се за 10 процентни поени помалку регистрирани во евиденцијата на невработени од општата популација.

__Речиси половина од лицата што се невработени и нерегистрирани во евиденцијата на АВРМ не можат да одредат колкав е временскиот период од нивното последно пријавување во АВРМ (45 %), а пак 37 % не се евидентирани 2 или повеќе години.__ **Мал е процентот на граѓани што не се регистрирани во евиденцијата на АВРМ (11 %) до една година. Кога станува збор за периодот на нерегистрација кај жените, не може да се воочи разлика со однос на мажите или пак разлика во однос на општата култура на регистрација помеѓу вкупниот број на нерегистрирани граѓани опфатени со истражувањето. Најголем број жени (54 % од вкупниот број жени) не можат да го одредат временскиот период на нерегистрација, 32 % се нерегистрирани во период подолг од 2 години и останатите 14 % не се регистрирани пократко од една година.**




**ГРАФИКОН број 8.** *Приказ на бројот на регистрирани и нерегистрирани невработени лица во евиденцијата на Агенцијата за вработување, наспрема вкупниот број на лица опфатени со теренското истражување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе.*

**Повеќе од половина од граѓните што не се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРМ (52 %)** како причина за неевидентирање во системот на АВРМ ја наведуваат недовербата во основната функција на Агенцијата, односно **сметаат дека АВРМ со услугите што ги нуди не им помага да пронајдат работа, па пријавувањето им претставува товар.** Додека, пак, останатите не се регистрираат поради следните причини: вработување или пак барање на работа надвор од земјата (27 %) или пак времето на пријавување од еден или шест месеци е премногу кратко, документацијата е премногу обемна и оддалеченоста од подрачната единица на АВРМ (21 %). Причините за непријавување во евиденцијата на Агенцијата се подеднакви и кај жените и кај мажите. Односно, најголем број од жените како најголема причина за нерегистрација наведуваат дека Агенцијата не им помага да пронајдат работа (55 % од нерегистрираните жени) или пак како причина наведуваат дека бараат вработување во странство или дека се домаќинки и немаат потреба од вработување (23 %). Мал е процентот на жени што не се регистрираат поради периодот на краткиот рок на регистрација, обемноста на документацијата за регистрирање, оддалеченоста од подрачната единица на Агенцијата или пак немањето на средства (22 %), (види табела број 7).

| | Општина | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Битола | Тетово | Струмица | Св. Николе |
| АВРМ не ми помага да пронајдам работа | 37 (42 %) | 124 (73 %) | 40 (40 %) | 21 (31 %) |
| Пријавувањето од еден месец е кратко | 4 (4 %) | 20 (12 %) | 6 (6 %) | 2 (3 %) |
| Пријавувањето од шест месеци е кратко | 2 (2 %) | 0 (0 %) | 1 (1 %) | 0 (0 %) |
| Документацијата што ја бараат е многу обемна | 22 (25 %) | 1 (1 %) | 0 (0 %) | 0 (0 %) |
| Оддалеченоста на подрачната единица на АВРМ | 0 (0 %) | 6 (3 %) | 4 (4 %) | 0 (0 %) |
| Од материјална причина | 2 (2 %) | 4 (2 %) | 0 (0 %) | 16 (23 %) |
| Друго | 22 (25 %) | 15 (9 %) | 49 (49 %) | 29 (43 %) |
| ВКУПНО | **89** | **170** | **100** | **68** |

**ТАБЕЛА број 7.** *Приказ на бројот на нерегистрирани невработени лица, во евиденцијата на Агенцијата за вработување опфатени со теренското истражува во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, по причини за нерегистрација*

Две третини од испитаниците за да ги користат повторно услугите на АВРМ и да се регистрираат во системот на невработени изјавиле дека е потребно АВРМ да ги подобри услугите што ги нуди генерално (според 32 % од нерегистрираните испитаници) и да работи повеќе со лицата што се невработени (според 25 % од нерегистрираните испитаници). Ставовите на жените опфатени со истражувањето се во потполна корелација со генералните ставови на испитаниците. Односно, и според нерегистрираните жени во евиденцијата на Агенцијата потребно е да се подобрат услугите што ги нуди Агенцијата генерално (36 %) и да работи повеќе со невработените лица (25 %). Дополнително, според 16 % од нерегистрираните испитаници и 15 % од нерегистрираните жени, АВРМ треба да воведе нови мерки и услуги, особено мерки и услуги што ќе одговараат на потребите на специфични групи на граѓани. Висок е процентот на граѓани (14 % од нерегистрираните испитаници и 14 % од нерегистрираните жени) што сметаат дека треба да се олесни начинот на регистрирање, односно да се воведе нов начин што нема да претставува товар за граѓаните; АВРМ да креира и да спроведе конкретни активности за непосредно и посредно информирање на граѓаните; да ја намали дискриминацијата при селекција на невработените што ќе ги користат мерките, особено дискриминација во поставувањето на критериумите за користење; да биде вистински посредник за вработување и да им помогне на граѓаните да најдат работа, а не да ги брише од евиенција во случај на неприфаќање на некоја работа или пак нерегистрирање на датумот запишан на картончето за евиденција. Според 13 % од нерегстрираните испитаници, односно 9 % од нерегистрираните жени, АВРМ треба да го укине ограничувањето за користење на некој мерка како резултат на пропуштање на рокот за пријавување.

Две третини од лицата (64 %) и значително повеќе од половина жени (61 %), опфатени со истражувањето, кои се регистрирани во евиденцијата на АВРМ, се лица што се регистрираат на секои 30 дена, заради тоа што се евидентирани како активни баратели на работа. Една третина од регистрираните лица во АВРМ (31 %) и повеќе од една третина од регистрираните жени (35 %) се регистрираат на секои 6 месеци, бидејќи се пасивни баратели на работа, а пак другите 4 % од вкупниот број регистрирани лица и 3 % од вкупниот број регистрирани жени, се регистрираат на секои 30 дена, бидејќи се корисници на паричен надоместок. Додека пак 1 % од регистрираните испитаници и 2 % од регистрираните жени не можат да го одредат периодот на регистрација (види графикон број 9).




**ГРАФИКОН број 9.** *Приказ на бројот на регистрирани невработени лица во евиденцијата на Агенцијата за вработување опфатени со теренското истражува во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе, по временски период на регистрација*

Приближно една четвртина од лицата што се регистрирани во евиденцијата на невработени во АВРМ (21% од вкупно регистрирани лица и 23% од вкупно регистрирани жени) се соочиле со некаков проблем при регистрација, а пак од нив како најголем проблем за регистрација го наведуваат краткиот рок помеѓу секоја регистрација (10% од вкупно регистрирани лица и 11% од вкупно регистрирани жени); времето потрошено за чекање на ред за регистрација (4% од вкупно регистрирани лица и од вкупно регистрирани жени); трошокот за транспорт до подрачните единици на Агенцијата (4 % од вкупно регистрирани лица и од вкупно регистрирани жени); честото враќање заради недостиг на одреден документ (2% од вкупно регистрирани лица и 2 % од вкупно регистрирани жени) и несоодветниот однос на вработените во подрачните единици (1 % од вкупно регистрирани лица и 1% од вкупно регистрирани жени).

Меѓутоа, важно е да се напомене дека проблемите со кои се соочуваат невработените лица регистрирани во Агенцијата се разликуваат од општина до општина, па така: за граѓаните на општина Битола, најголем проблем е краткиот период помеѓу секоја регистрација и за пријавување (55 % од испитаниците се соочиле со проблем при регистрација); а пак за општина Тетово, особено за граѓаните од с. Шипковица, најголем проблем, покрај краткиот рок за пријавување (43 % од испитаниците се соочиле со проблем при регистрација), проблем претствуваат и трошоците за транспорт до надлежната подрачна единица на АВРМ (36% од испитаниците се соочиле со проблем при регистрација). Проблемите со кои се соочуваат граѓаните од овие две општини се исти и за мажите и за жените. Додека, пак, според вкупниот број регистрирани испитаници и жени на општина Струмица и Св. Николе нема позначителни проблеми во процесот на регистрација (види графикон број 10).




**ГРАФИКОН број 10.** *Приказ на проблемите со кои се соочуваат невработените лица регистрирани во евиденцијата на Агенцијата за вработување во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе*

### III.1.2. Низок степен на запознаеност на невработените граѓани со мерките, програмите и услугите за вработување предвидени со оперативните планови за вработување

**Од вкупно 452 невработени лица регистрирани во евиденцијата на АВРМ, само 26 % знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд.** Додека пак 28 % од вкупниот број невработени жени регистрирани во евиденцијата на Агенцијата знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд. **Дури, 74 % од регистрираните невработени лица или 71 % од бројот на невработени регистрирани жени не знаат дека го имаат ова право.**

Особено е значајно да се напомене дека во Св. Николе (178 лица) и Струмица (91 лице), каде има најголем број невработени лица што се регистрирани во АВРМ, има и најголем процент на лица што не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд (89 %, Св. Николе и 78 %, Струмица). Висока е стапката и на лицата во општина Тетово, кои не знаат дека го имаат ова право (49 лица од вкупно 60 или пак 82 %). Во општина Битола, за разлика од другите опфатени општини, повеќе од половина од регистрираните лица (55 %) знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, но и покрај тоа висок е процентот на лица (45 %) кои не знаат дека го имаат ова право (види графикон број 11).




**ГРАФИКОН број 11**. *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица со правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе*

Од лицата кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд (112 лица од кои 63 се жени) само 36 % знаат за мерките, програмите и услугите за вработување. Доколку се анализира нивото на запозненост со мерките, програмите и услугите за вработување од аспект на пол, во тој случај може да се воочи дека кај жените степенот на запознаеност со мерките е значително понизок и изнесува 28 %. Најнизок е степенот на запознаеност во општина Св. Николе (14 %), а пак најдобар е во општина Тетово (58 %). Во општина Битола со мерките, програмите и услугите за вработување се запознаени 33 % од испитаниците, кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми, а пак во општина Струмица знаат 41 %. Состојбата во општините во врска со нивото на запознаеност со мерките, програмите и услугите кај жените значително се разликува од општиот степен на запознаеност. Односно, највисок процент на запозненост помеѓу жените има во општина Битола (52 % од жените знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување), а пак најнизок има во општина Св. Николе (12 %). Во другите две општини нивото на запозненост со мерките е исто така значително ниско, односно во општина Тетово е 17 % и во општина Струмица е 22 %, (види табела број 8).

| | Битола | Тетово | Струмица | Св. Николе |
|---|---|---|---|---|
| Развој на претприемништво | 71 % | 94 % | 74 % | 42 % |
| Субевнционирано вработување | 48 % | 34 % | 79 % | 14 % |
| Обука | 39 % | 66 % | 44 % | 9 % |
| Општинско корисна работа | 15 % | 88 % | 24 % | 26 % |
| Пилот-програми | 16 % | 67 % | 22 % | 2 % |
| Услуги за вработување | 32 % | 48 % | 24 % | 6 % |
| Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот | 7 % | 13 % | 24 % | 0 % |
| **ВКУПЕН ПРОЦЕНТ НА ЗАПОЗНАЕНОСТ** | **33 %** | **58 %** | **41 %** | **14 %** |

**ТАБЕЛА број 8**. *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе*

Најголем број од испитаниците кои знаат дека имаат право на користење на мерките, прогрмите и услугите за вработување (112 лица) се запознаени со „Програмата за самовработување - 94 %" и „Субвенционирано вработување на невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход или проектот Македонија вработува- 60 %", а пак најмалку од нив знаат за „Услугата - професионална ориентација и подготвеност за работа" (12 %) и „Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот" (11%).

Најголем број од жените, кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, се запознаени со „Програмата за самовработување - 92 %" и „Субвенционирано вработување на невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход или проектот Македонија вработува - 63%", а пак најмалку од нив знаат за пилот-програмите „Развој и имплементација на пилот-програми за млади според локалните потреби" (12%) и „Обука за задоволување на локалните потреби од квалификувана работна сила" (5 %).

## РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Во рамки на компонентата „Развој на претприемништво" од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд влегуваат две програми, и тоа: програма за самовработување и програма за самовработување на лица со инвалидност. Оваа компонента од Оперативниот план е единствената со која испитаниците делумно се запознаени (70 % од вкупниот број на испитаници и 73 % од жените што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување). Со мерките, програмите и услугите предвидени во рамки на другите компоненти од Оперативниот план, испитаниците не се запознаени. Односно, речиси 112 испитаници (94 % од вкупниот број на испитаници и 92 % од од жените што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување), кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите се запознаени со програмата за самовработување, а пак помалку од половина од овие испитаници (46 % од вкупниот број на испитаници и 54 % од од жените) се запознаени со програмата за самовработување на лица со инвалидност. Кога станува збор за програмата за самовработување, најголем процент на запознаеност има во општините Тетово (100 % од вкупниот број на испитаници и 100 % од жените) и Битола (99 % од вкупниот број на испитаници и 100 % од жените), а пак со оваа програма помалку се запознаени испитаниците од општините Струмица (94 % од вкупниот број на испитаници и 91 % од жените) и Св. Николе (84 % од вкупниот број на испитаници и 78 % од жените), (види графикон број 12).

Со програмата за самовработување на лица со инвалидност не е запознаено ниту едно лице, кое знае дека има право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување од општина Св. Николе и помалку од половина од лицата во општина Битола (43 % од вкупниот број на испитаници и 53 % од жените). Додека, пак, повеќе од половина од лицата кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување од општините Струмица (53 % од вкупниот број на испитаници и 64 % од жените) и Тетово (88 % од вкупниот број на испитаници и 100 % од жените) се запознаени со оваа програма (види графикон број 12).




**ГРАФИКОН број 12.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со поединечните програми во рамки на програмата за развој на претприемништво*

## СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ

Во рамки на компонентата „Субвенционирано вработување" од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд влегуваат четири програми, и тоа: Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места; Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик; Субвенционирано вработување на невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход или проектот Македонија вработува; и Финансиска и советодавна поддршка за раст на микро, мали и средни претпријатија и социјални претпријатија. За разлика од компонентата „Развој на претприемништво" каде што 70 % од вкупниот број на испитаници (112 лица) и 73 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување се запознаени со програмите предвидени во рамки на компонентата, со програмите од компонентата „Субвенционирано вработување" се запознаени само 44 % од вкупниот број на испитаници или 46 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување. Најголем број од испитаниците (60 % од вкупниот број испитаници и 63 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување) се запознаени со програмата „Субвенционирано вработување на невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход или проектот Македонија вработува", од кои највеќе во општините Струмица (76 % од вкупниот број на испитаници и 79 % од жените), Битола (75 % од вкупниот број на испитаници и 73 % од жените) и Тетово (63 % од вкупниот број на испитаници и 80 % од жените). Додека, пак, со оваа мерка најмалку се запознаени испитаниците од општина Св. Николе (26 % од вкупниот број на испитаници и 22 % од жените). Најмалку испитаници се запознаени со програмата „Условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик" или 32 % од вкупниот број на испитаници и 38 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, а за оваа програма најмногу се информирани испитаниците од општина Струмица (76 %), а пак најмалку во општина Св. Николе (11 %). Додека, пак, најмалку запознаени со оваа програма се жените од општините Тетово (20 %) и Св. Николе (22 %), (види графикон број 13).




**ГРАФИКОН број 13.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со поединечните програми во рамки на програмата за субвенционирано вработување*

## ОБУКА

Агенцијата за вработување на РМ со цел да го унапреди капацитетот на невработените лица и нивната подготовка за вработување преку годишните оперативни планови предвидува споведување на низа обуки, меѓу кои: обука кај познат работодавач, обука за работно место со субвенционирано вработување, обука за развивање на информатички вештини, обука за различни возачки категории, практиканство, итн. Но, и покрај тоа, 60 % од испитаниците кои знаат дека имаа право на пристап до мерките, услугите и програмите за вработување (112 лица), не знаат дека вакви обуки се предвидени со оперативните планови и дека имаат право на пристап до нив. Значително е пониско нивото на запознаеност со овие обуки кај жените, односно само 40 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите се информирани со можностите за обука што се нудат со оперативните планови за вработување (види графикон број 14).

Најголем број или речиси половина од испитаниците (52 %) кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, услугите и програмите за вработување се запознаени со постоењето на можност за обавување на практична работа преку посредување на Агенцијата за вработување на РМ. Додека, пак, жените најмногу се запознаени со обуката кај познат работодавач (55 %), (види графикон број 14).

Испитаниците најмалку се запознаени (20 %) со можноста за учество на обуки за стекнување на квалификации според моменталните потреби на пазарот на труд (сектор услуги и индустрија). Додека, пак, помеѓу жените најмалку позната е обуката за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот (21 %), (види графикон број 14).

Најниско ниво на информираност, и кај општата популација и кај жените, кога станува забор за обуките постои помеѓу испитаниците од општина Св. Николе (9 % од вкупниот број испитаници и 6 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување). Највисоко ниво на информираност за обуките постои помеѓу испитаниците и жените од општина Тетово (66 % од вкупниот број на испитаници и 67 % од жените). Нивото на информираност на испитаниците од општините Битола и Струмица се наоѓа некаде помеѓу нивото на информираност во Тетово и Св. Николе, односно само 39 % од вкупниот број испитаници и 38 % од жените се запознаени со можностите за користење на предвидените обуки од оперативните планови за вработување, а пак во Струмица 44 %, односно 49 % кај жените (види графикон број 14).




**ГРАФИКОН број 14.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со обуките што ги нуди Агенцијата*

## ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА

Со цел да се обезбеди социјална вклученост на лица што потешко се вработуваат заради стекнување на вештини и нивно постепено вклучување на пазарот на трудот, Агенцијата за вработување спороведува програма за општинско корисна работа. Но и покрај тоа што најголемиот број на испитаници се невработени лица над 40 годишна возраст (55 % од вкупниот број на испитаници и 50 % од вкупниот број на жени), со завршено средно и основно образование (80 % од вкупниот број на испитаници и 72 % од вкупниот број на жени), и се невработени повеќе од 2 години (194 од вкупно 247 лица или 83 жени од вкупно 419), сепак две третини (62 %) од нив или 43 % од жените не се запознаени со можноста за вклучување во програмата за општинско корисна работа. Најниско е нивото на информираност за оваа програма помеѓу испитаниците во општина Битола (15 % од вкупниот број на испитаници и 13 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите), а пак највисоко во општина Тетово (88 % од вкупниот број на испитаници и 100 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите). Во општините Струмица и Св. Николе степенот на информираност е на речиси исто ниво, односно 24 % или 36 % од жените и 26 % или 43 % од жените респективно (види графикон број 15).




**ГРАФИКОН број 15.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со програмата за општинско корисна работа*

## ПИЛОТ-ПРОГРАМИ, УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И АНКЕТА ЗА ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Најниско ниво на запознаеност помеѓу испитаници постои за можностите што произлегуваат од пилот-програмите за вработување (26 % од вкупниот број или 10 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување), услугите за вработување (27 % од вкупниот број или 31 % од жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување), и анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот (11 % од вкупниот број и жените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување), (види графикон број 16).

Кога станува збор за пилот-програмите за вработување, најголемиот број на испитаници (34 %) се запознаени со програмата „Развој и имплементација на пилот-програми за млади според локалните потреби", а пак најголем број жени (14 %) се запознени со програмата „Центар за стручна обука". Додека, пак, најниско е нивото на запознаеност помеѓу вкупниот број испитаници кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување со работењето на центарот за стручна обука (15 %). Додека, пак, помеѓу жените најниско е нивото на запознаеност со програмата „Обука за задоволување на локалните потреби од квалификувана работна сила" (види графикон број 16).

Највисоко е нивото на запознаеност помеѓу вкупниот број испитаници кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, со пилот-програмите помеѓу испитаниците од оштина Тетово (66 %), а најнајниско во општина Св. Николе (9 %). Додека, пак, највисоко ниво на запознаеност со пилот-програмите помеѓу жените се бележи во општина Струмица (18 %) и општина Битола (10 %), (види графикон број 16).

Најниско ниво на запознаеност со пилот-програмите се бележи во општините Битола (16 %) и Струмица, каде што изнесува 22 % за вкупниот број испитаници кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување респективно. А, пак, помеѓу жените во општините Тетово и Св. Николе изнесува 7 % и 4 % (види графикон број 16).




**ГРАФИКОН број 16.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со пединечните пилот-програми*

Од низата на услуги за вработување што ги нуди Агенцијата за вработување за невработените лица регистрирани во системот на невработени, невработените кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување во најголема мера се запознаени со услугите за активирање на млади невработени лица (42 %), а пак најмалку со можноста за професионална ориентација и подготвеност за работа (12 %). Додека, пак, доколку истото прашање се анализира од родова перспектива, може да се воочи дека за разлика од вкупната популација, жените во најголема мера се запознаени со услугите за посредување при вработување (45 %), а пак најмалку со можноста за едукација за користење на онлајн услугите на АВРМ (14 %), (види графикон број 17).

Најниско е нивото на запознаеност кај вкупниот број на испитаници кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување со услугите за вработување во општина Св. Николе (6 %), а пак највиско во општина Тетово (48 %). Нивото на запознаеност со услугите за вработување во општините Битола и Струмица, како и во претходните категории, е на речиси исто ниво. Односно, 32 % од испитаниците од Битола знаат дека имаат право на пристап до услугите за вработување и 24 % од испитаниците од општина Струмица (види графикон број 17).

Додека, пак, со услугите за вработување најмногу се запознаени жените што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување од општините Тетово (53 %) и Струмица (57 %). Нивото на запознаеност со услугите за вработување во општините Битола и Св. Николе изнесува 31 %, односно 2 % респективно (види графикон број 17).




**ГРАФИКОН број 17.** *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со поединечните услуги за вработување*

Најнизок е степенот на запознаеност на граѓаните, од сите четири опфатени општини, со анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот (11 %). Ваквата состојба е идентична и кај мажите и кај жените. А, пак, ваквото ниво на запознаеност е очекувано доколку се земе предвид целната група на оваа активност во која влегуваат работодавачите. Ниту еден од граѓаните од општина Св. Николе, кој знае дека има право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување, не е информиран за оваа активност на Агенцијата, а пак ниско е нивото на информираност и во другите три општини (во општина Битола 7 %, во општина Тетово 13 % и во општина Струмица 24 %), (види графикон број 18).




**ГРАФИКОН број 18**. *Приказ на нивото на запознаеност на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе со анкетата за потребите на вештини на пазарот на трудот*

### III.1.3. Низок е степенот на користење на мерките, програмите и услугите за вработување од оперативните планови за вработување од страна на невработените граѓани

**Само 4 лица, од кои три се жени, од вкупно 112 лица од сите четири општини, кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување предвидени со Оперативниот план, користеле некоја од нив.** Во општините Битола и Тетово ниту едно лице регистрирано во АВРМ, кое знае дека има право на пристап до мерките, програмите и услугите, не користело ниту една мерка, а пак во општините Струмица и Св. Николе едно, односно три лица користеле некоја од мерките, програмите и услугите за вработување (види графикон број 19).




**ГРАФИКОН број 19**. *Приказ на степенот на користење на мерките, програмите и услугите за вработување од страна на регистрираните невработени лица кои знаат дека имаат правото на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе*

Како мерки, програми и услуги за вработување што ги користеле овие четири лица се наведуваат следните: програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјалан ризик; обука за работно место со субвенционирано вработување; програма за самовработување; проектот Македонија вработува; и едукација за користење на online услугите на АВРМ. Другите 27 мерки, програми и услуги за вработување не биле користени од граѓаните на четирите опфатени општини. **Генералната оценка за степенот на задоволство на корисниците од мерките, програмите и услугите што ги користеле е дека тие делумно ги задоволуваат нивните потреби, а пак кога станува збор за степенот на корисност, тие се делумно корисни за граѓаните и делумно придонесуваат кон вработување.** Лицата што користеле некоја мерка, програма и услуга ги оценуваат на следниот начин:

- Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјалан ризик - потполно задоволни и потполно корисна.
- Обука за работно место со субвенционирано вработување - **делумно задоволни од обуката** и **сметаат дека таа воопшто не е корисна**.

– Програма за самовработување - **квалитетот** на спроведување на програмата е **делумен**, **информираноста** за текот на спроведувањето е **потполна** и **корисноста** на програмата е **потполна**. Но и покрај ваквите оценки, по завршувањето на договорниот период на доделување на грантот **овие лица се невработени заради финансиска неактивност на бизнисот**.

Лицата (две лица од општина Св. Николе) што ја користеле оваа програма и основале бизниси за одгледување на животни и угостителство во 2014 година сметаат дека квалитетот, информираноста и корисноста на оваа програма се делумни. Двете лица биле вклучени во програмата по пат на објавен јавен повик. Едно од нив при процесот на апликација пополнил прашалник за учество во програмата, а пак другото лице нема пополнето ваков прашалник. Двата испитаника присуствувале на обука за претприемништво, чиј квалитет не ги исполнил во целост нивните потреби и очекувања. Севкупната помош и поддршка во спроведувањето и програмата, според лицата, делумно одговарила на нивните потреби.

– Македонија вработува, субвенционирано вработување преку ослободување од придонеси - овој проект, во 2016 година, го користело само едно лице жител на општина Св. Николе на возраст до 35 години, кое преку проектот се вработило со договор на неопределено со полно работно време. **Во 2018 година ова лице е невработено.** Лицето **не било информирано** за периодот за кој работодавецот е ослободен од плаќање на придонеси и колку години е должен да го задржи на работа и **смета дека мерката не ја постигнала целта**.

– Услугата „едукација за користење на online услугите на АВРМ" ја користело само едно лице и тоа од општина Св. Николе, **според кое едукацијата не ги задоволува потребите на невработените лица и понудената помош не помага за вработување**.

## Наоди и препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на невработените лица

• Повеќе од половина од невработените граѓани опфатени со истражувањето (63 %), во сите четири оопштини, се лица кои долгорочно се невработени, односно не се вработени повеќе од четири години. **Да се преземат мерки за проценување на реалните потреби на граѓаните што ќе овозможи креирање на мерки, програми и услуги што ќе придонесат кон вработување на лицата што се долгорочно невработени.**

• Пристапот до активните мерки, програми и услуги за вработување е значително ограничен за граѓаните на општините Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе заради малиот процент на граѓани (54 %) кои се регистрираат во евиденцијата на АВРМ, од кои 50 % се жени. Речиси половина од лицата што се невработени и нерегистрирани во евиденцијата на АВРМ не можат да одредат колкав е временскиот период колку тие не се регистрирани во АВРМ (45 %), а пак 37 % не се евидентирани 2 или повеќе години. **Да се предвидат мерки за поттикнување на граѓаните да се евидентираат во системот на евиденција на невработени лица и на тој начин да се овозможи поголем број на невработени граѓани да имаат пристап до програмите, мерките и услугите за вработување. Односно, според граѓаните, потребно е АВРМ да ги подобри услугите што ги нуди генерално** (според 32 % од нерегистрираните испитаници); **да работи повеќе со лицата што се невработени** (според 25 % од нерегистрираните испитаници); **да воведе нови мерки и услуги, особено мерки и услуги што ќе одговараат на потребите на специфични групи на граѓани** (според 16 % од нерегистрираните испитаници); **треба да се олесни начинот на регистрирање, односно да се воведе нов начин кој нема да претставува товар за граѓаните; АВРМ да креира и да спроведе конкретни активности за непосредно и посредно информирање на граѓаните; да се намали дискриминацијата при селекција на невработените што ќе ги користат мерките, особено дискриминација во поставувањето на критериумите за користење; да бидат вистински посредници за вработување и да им помогнат на граѓаните да најдат работа и да не ги отстранат од евиденцијата лицата што не се регистрирани на датумот запишан на картонот за евиденција или пак доколку одбијат работа понудена од агенцијата** (според 14 % од нерегистрираните испитаници) **и АВРМ треба да го укине ограничувањето за користење на некои мерка како резултат на пропуштање на рокот за пријавување** (според 13 % од нерегистрираните испитаници).

• Повеќе од половина од лицата опфатени со истражувањето, кои се регистрирани во евиденцијата на АВРМ се лица што се регистрираат на секои 30 дена, заради тоа што се евидентирани како активни баратели на работа. Додека, пак, приближно една четвртина од лицата што се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРМ се соочиле со некаков проблем при регистрација. **Да се преземат мерки за елиминирање на проблемите со кои се соочуваат невработените при регистрација во евиденцијата на АВРМ така што ќе се зголеми рокот помеѓу секоја регистрација; ќе се намали времето потрошено за чекање на ред за регистрација; ќе се**

**овозможи граѓаните да немаат трошок за транспорт до подрачните единици на Агенцијата преку овозможување на електорнска регистрација или пак отворање на мобилни пунктови за регистрација што ќе работат во самите заедници** (особено во општина Тетово); **потребната документација за регистрирање ќе се обезбедува по службена должност и нема да има враќање на лица заради недостиг на одредени документи; вработените во подрачните единици да го подобрат односот со граѓаните; да се работи повеќе се невработените лица, односно да ја вршат својата основна функција на креирање на индивидуални планови за јакнење на капацитетите на секое невработено лице со соодветни вештини и знаења, како и планови за вработување на секое регистрирано лице; одржување на редовни средби со невработените лица за информирање за нивните права за вработување и текот на спроведување на изготвениот план; итн.**

• Дури 74 % од регистрираните невработени лица или 71 % од бројот на невработени регистрирани жени не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд. Од лицата (112 лица) што знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување утврдени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, само 37 % се информирани за некои од мерките, програмите и услугите за вработување. **Да се преземат мерки за запознавање на граѓаните со програмите, мерките и услугите за вработување, особено со програмата за субвенционирано вработување; обуките; програмата за општинско корисна работа; услугите за вработување; и анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот, со посебен фокус на општините Битола, Струмица и Св. Николе. Односно, да се воспостави систем за информирање на невработените лица за мерките и услугите за вработување користејќи различни механизми, како на пример: *директно информирање на невработените при регистрација; изработка и доставување на покани со информации за мерките и услугите до невработените лица; спроведување на теренски информативно-промотивни кампањи; спроведување на медиумски кампањи за запознавање на граѓаните со мерките и услугите за вработување; итн.***

• Само 4 лица (од вкупно 112 лица), од кои три се жени, од сите четири општини, кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување предвидени со Оперативниот план, користеле некоја од нив. Тие се потполно задоволни од програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјалан ризик и сметаат дека таа е потполно корисна. Од обуката за работно место со субвенционирано вработување делумно се задоволни од обуката и сметаат дека таа воопшто не е користана. Квалитетот на програмата за самовработување сметаат дека е делумен, информираноста за текот на спроведувањето и корисноста на програма се потполни, но и покрај тоа по завршувањето на договорниот период на доделување на грантот овие лица се невработени заради финансиска неактивност на бизнисот. Според испитаниците програмата за субвенционирано вработување не ја постигнала целта, а пак услугата „едукација за користење на online услугите на АВРМ" не ги задоволува потребите на невработените лица и понудената помош не помага за вработување. **Да се преземат мерки за спроведување на евалуација на ефикасноста на секоја од постојните мерки, програми и услуги за вработување со цел да се утврди колку тие придонесуваат за вработување на невработените граѓани и ги задоволуваат нивните потреби.**

## III.2. Оценка на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување

За разлика од невработените лица што се општо застапени во сите општини и локалитети каде што спроведовме анкетирање за мониторинг на спроведување на активните мерки за вработување, вработените лица како резултат на активните мерки за вработување и услугите на АВРМ се пријавија само во општините Свети Николе и Струмица. Во Тетово и во Битола нема пријавени вработени лица како резултат на мерките за вработување и услугите во населените места каде што спроведовме анкета. Во **Свети Николе** се пријавиле вкупно **30 вработени лица** (23 мажи и 7 жени), додека во **Струмица** се пријавиле **26 лица** (10 мажи и 16 жени). Доколку го споредиме вкупниот број на пријавени вработени лица како резултат на мерките во однос на вкупниот број на анкетирани лица, можеме да заклучиме дека тие во **Свети Николе** преставуваат 10,8 %, а во **Струмица** 13 %. Во **Свети Николе** вработените мажи претставуваат 14 % од вкупниот број на анкетирани мажи, додека вработените жени во однос на вкупниот број на анкетирани жени изнесуваат 6,1 %. Во **Струмица** вработените мажи претставуваат 10 % од вкупниот број на анкетирани мажи, а вработените жени претставуваат 15,6 % од вкупниот број на анкетирани жени.

Согласно со податоците, бројот на вработени жени во Свети Николе е за половина понизок од оној во Струмица, иако според бројот на анкетирани жени во Свети Николе е повисок од оној во Струмица.

| ВРАБОТЕНИ | Св. Николе | | | Струмица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | В | М | Ж | В |
| Број на вработени | 23 (14%) | 7 (6,1%) | 30 | 10 (10%) | 16 (15,6%) | 26 |
| ВКУПНО АНКЕТИРАНИ | 163(100%) | 114 (100%) | 277 | 98 (100 %) | 102 (100 %) | 200 |

**ТАБЕЛА број 9.** *Вработени по општина и пол*

**а) Во Свети Николе се пријавија 30 вработени лица како резултат на мерките.** Во Свети Николе вработените лица се пријавиле во повеќе населени места како што се Ерџелија (10), Маршал Тито (5), Септемвриска (6), Сутјеска (2) и Вељко Влаховиќ (7). Од пријавените вработени лица 7 се жени и 23 се мажи. Според возраста, вработените лица се застапени во сите возрасни групи. Односно, седум лица се во возрасната група од 30 до 34 години, шест лица се во возрасната група од 35 до 39 години, пет лица се од 40 до 44 години, четири лица се од 45 до 49 години итн. Според образованието, најголемиот број се со завршено средно образование и тоа 21 лице, 6 се со високо образование и по едно лице е со незавршено основно, завршено основно образование и више образование. Во однос на брачната состојба, 21 лице е во брак, едно е во вонбрачна заедница и 8 лица не се мажени/женети. Според должината на вработеноста, најголемиот број се вработени 11 години, шест лица се вработени три години, пет се вработени две години, по две лица се вработени 6 и 7 години и по едно лице е вработено по една, осум, девет и десет години.

Доколку сакаме да направиме профил на вработено лице во Свети Николе, тоа е лице на возраст од 30 до 34 години, со завршено средно образование и вработено од 2014 година. Вработената жена, пак, е на возраст од 40 до 54 години со средно образование и е вработена во последните пет години.

| ВОЗРАСНА ГРУПА | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 1) 15 – 19 години | / | / | / |
| 2) 20 – 24 години | 1 | / | 1 |
| 3) 25 – 29 години | 2 | / | 2 |
| 4) 25 – 29 години | 6 | 1 | 7 |
| 5) 35 – 39 години | 5 | 1 | 6 |
| 6) 40 – 44 години | 3 | 2 | 5 |
| 7) 45 – 49 години | 3 | 1 | 4 |
| 8) 50 – 54 години | / | 2 | 2 |
| 9) 55 – 59 години | 1 | / | 1 |
| 10) 60 – 64 години | 2 | / | 2 |
| ВКУПНО | 23 | 7 | 30 |

**ТАБЕЛА број 10.** *Возраст по пол во Свети Николе*

| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 1) Без образование - знае да чита и пишува | / | / | / |
| 2) Незавршено основно образование | 1 | / | 1 |
| 3) Завршено основно образование | 2 | / | 2 |
| 4) Незавршено средно (3, 4 година средно) | 6 | 1 | 7 |
| 5) Завршено средно образование | 5 | 1 | 6 |
| 6) Више образование | 3 | 2 | 5 |
| 7) Високо образование | 3 | 1 | 4 |
| 8) Друго, наведи | / | 2 | 2 |
| ВКУПНО | 23 | 7 | 30 |

**ТАБЕЛА број 11**. *Степен на образование по пол во Свети Николе*

| ВРАБОТЕНИ ОД | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | / | 1 |
| 2016 | 4 | 1 | 5 |
| 2015 | 5 | 1 | 6 |
| 2014 | 9 | 2 | 11 |
| 2013 | / | / | |
| 2012 | 1 | 1 | 2 |
| 2011 | / | 1 | 1 |
| 2010 | 1 | 1 | 2 |
| 2009 | 1 | / | 1 |
| 2008 | 1 | / | 1 |
| ВКУПНО | 23 | 7 | **30** |

**ТАБЕЛА број 12.** *Години на вработеност по пол во Свети Николе*

**б) Во Струмица се пријавиле 26 лица вработени како резултат на мерките** и овие лица се пријавиле од сите населени места каде што спроведувавме анкета, односно во Нова приградска населба (1) и Стара чаршија (25). Од вкупно пријавените вработени, 16 се жени и 10 се мажи. Најголем број од вработените се во возрасната група од 25 до 29 години, пет лица се на возраст од 30 до 34 години, по четири лица се на возраст од 20 до 24 години и од 35 до 39 години, две се на возраст од 55 до 59 години и по едно лице е на возраст од 15 до 19 години и од 40 до 44 години. Поголемиот дел, односно 17 лица, имаат завршено средно образование, по што следат осум лица со завршено високо и само едно лице со незавршено средно образование. Согласно на брачната состојба, 13 лица се во брак, 11 лица не се мажени/женети и две лица се верени. Должината на вработеност на пријавените е прилично кратка, односно осум од лицата се вработени три години (од 2015 година), седум се вработени една година (од 2017), шест се вработени две години (од 2016) и пет се вработени четири години (од 2014).

Доколку сакаме да направиме профил на вработено лице во Струмица, тоа е лице на возраст од 25 до 29 години со завршено средно образование и е вработено од 2015 година. Вработената жена е на возраст од 25 до 39 години со средно образование и е вработена во последните три години.

| ВОЗРАСНА ГРУПА | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 1) 15 – 19 години | 1 | / | 1 |
| 2) 20 – 24 години | 2 | 2 | 4 |
| 3) 25 – 29 години | 3 | 6 | 9 |
| 4) 25 – 29 години | 2 | 3 | 5 |
| 5) 35 – 39 години | 1 | 3 | 4 |
| 6) 40 – 44 години | / | 1 | 1 |
| 7) 45 – 49 години | / | / | / |
| 8) 50 – 54 години | / | / | / |
| 9) 55 – 59 години | 1 | 1 | 2 |
| 10) 60 – 64 години | / | / | / |
| ВКУПНО | 10 | 16 | **26** |

**ТАБЕЛА број 13.** *Возраст по пол во Струмица*

| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 1) Без образование - знае да чита и пишува | / | / | / |
| 2) Незавршено основно образование | / | / | / |
| 3) Завршено основно образование | / | / | / |
| 4) Незавршено средно (3, 4 година средно) | / | 1 | 1 |
| 5) Завршено средно образование | 7 | 10 | 17 |
| 6) Више образование | / | / | / |
| 7) Високо образование | 3 | 5 | 8 |
| 8) Друго, наведи | / | / | / |
| ВКУПНО | 10 | 16 | 26 |

**ТАБЕЛА број 14**. *Степен на образование по пол во Струмица*

| ВРАБОТЕНИ ОД | М | Ж | В |
|---|---|---|---|
| 2017 | 3 | 4 | 7 |
| 2016 | 2 | 4 | 6 |
| 2015 | 2 | 6 | 8 |
| 2014 | 3 | 2 | 5 |
| 2013 | / | / | / |
| 2012 | / | / | / |
| 2011 | / | / | / |
| 2010 | / | / | / |
| 2009 | / | / | / |
| 2008 | / | / | / |
| ВКУПНО | 10 | 16 | 26 |

**ТАБЕЛА број 15**. *Години на вработеност по пол во Струмица*

| ВРАБОТЕНИ | Св. Николе | | | Струмица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | В | М | Ж | В |
| Сите други мерки, освен двете подолу наведени | 9 | 1 | 10 | 3 | 3 | 6 |
| Програма за самовработување | 21 | 7 | 28 | 1 | 10 | 11 |
| Македонија вработува 2 | 2 | 1 | 3 | 7 | 5 | 12 |
| ВКУПНО КОРИСТЕНИ МЕРКИ | 32 | 9 | 41 | 11 | 18 | 29 |
| ВКУПНО ВРАБОТЕНИ | 23 | 7 | 30 | 10 | 16 | 26 |

**ТАБЕЛА број 16**. *Користени мерки во Свети Николе и Струмица по пол*

Од податоците презентирани во табелата број 8 може да се заклучи дека вработените во Свети Николе користеле повеќе видови мерки за вработување, односно секое вработено лица користело 1,36 мерки за вработување. Користењето на мерките од страна на мажите е незначително повисоко за разлика од жените, односно секој вработен маж користел 1,39 мерки, а секоја жена 1,28 мерки. Во Струмица, пак, искористената на мерките е пониска од Свети Николе и изнесува 1,11 мери на секое вработено лице, односно 1,12 мерки на секоја вработена жена и 1,1 мерка на секој вработен маж.

### III.2.1. Пристап до  мерките за вработување

Во однос на тоа кои мерки за вработување ги користеле вработените лица, освен оние што се посебен предмет на интерес на оваа анализа (Програмата за самовработување и Македонија вработува 2), наодите покажуваат дека вработените во Свети Николе користеле 11 мерки (види табела број 9). Скоро иста е состојбата и во Струмица каде што 26 пријавени вработени лица користеле  9 мерки (види табела број 9). Во однос на тоа дали постои некоја разлика во однос на користењето мерките од страна на мажите и жените не може да се извлече некој посебен заклучок, освен дека и во двете општини постои тренд на користење на скоро исти мерки.

| ВИД НА МЕРКА ИЛИ УСЛУГА | Св. Николе | | | Струмица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | В | М | Ж | В |
| РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО | | | | | | |
| Програма за самовработување на лица со инвалидност | / | / | / | / | / | / |
| СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ | | | | | | |
| Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места | 2 | / | 2 | 1 | 1 | 2 |
| Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик | / | / | / | 1 | 1 | 2 |
| Финансиска и советодавна поддршка за раст на микро, мали и средни претпријатија и социјални претпријатија | / | / | / | / | / | / |
| ОБУКИ | | | | | | |
| Обука кај познат работодавач | / | / | / | / | / | / |
| Обука за работно место со субвенционирано вработување | 7 | 1 | 8 | 1 | 1 | 2 |
| Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот | / | / | / | / | / | / |
| Обука за напредни ИТ - вештини | / | / | / | / | / | / |
| Обука за возачи за Ц, Д и Е категорија | / | / | / | / | / | / |
| Обука за стекнување на вештини од стари занаети | / | / | / | / | / | / |
| Практикантство 1 | / | / | / | / | / | / |
| Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици | 1 | / | 1 | 1 | / | 1 |
| Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за компјутери | / | / | / | 1 | / | 1 |
| Обука за стекнување на квалификации според моменталните потреби на пазарот на труд (сектор услуги и индустрија) | / | / | / | / | / | / |
| Обука и советување за претприемништво за млади | / | / | / | / | / | / |
| ОПШТИНСКО КОРИСНА РАБОТА | | | | | | |
| Програма за општинско корисна работа | / | / | / | / | / | / |
| ПИЛОТ- ПРОГРАМИ | | | | | | |
| Развој и имплементација на пилот - програми за млади според локалните потреби | / | / | / | / | / | / |
| Обука за задоволување на локалните потреби од квалификувана работна сила | / | / | / | / | / | / |
| Центар за стручна обука | / | / | / | / | / | / |
| АНКЕТА ЗА ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ | | | | | | |
| Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот | / | / | / | / | / | / |
| ВКУПНО ВРАБОТЕНИ | 23 | 7 | **30** | 10 | 16 | **26** |

ТАБЕЛА број 17. *Вид на мерка користена од вработените лица, освен оние што се посебен предмет на интерес на оваа анализа според општина и пол во Свети Николе и Струмица*

**<u>а) Во Свети Николе две лица</u>** (мажи) ја користеле поддршката за раст на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места (задоволството е 50 % потполно и 50 % делумно, додека корисноста е оценета 50 % наспрема 50 %); **осум лица** (7 мажи и една жена) посетувале обука за работно место со субвенционирано вработување (задоволството е потполно кај 37,5 % (3 мажи) и делумно кај 62,5 % (4 мажи и една жена), додека корисноста на обуката е оценета со потполна 12,5 % (мажи), делумна со 62,5 % (4 мажи и една жена) и воопшто нема корисност со 25 % (2 мажи) и **едно лице** (маж) посетувало обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици (делумно задоволство со 100 % и делумна корисност со 100 %).

За користените мерки вработените лица дознале најмногу преку јавен повик (**24 лица**, односно 19 мажи и 5 жени), многу помалку тоа го дознале преку телефон (**3 лица**, односно 1 маж и 2 жени) и на некој друг начин (3 лица -мажи, односно двајца разбрале преку електронски гласило и едно преку познаник).

**<u>б) Во Струмица</u>** по две лица користеле поддршка за раст на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места (еден маж и една жена) и Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик (еден маж и една жена). Во однос на задоволството од користење на поддршката и програмата, лицата што ја користеле поддршката, 50 %, изразиле потполно задоволство (жена) и 50 % делумно задоволство (маж). Во истата пропорција е изразена и корисноста од оваа поддршка. Со потполно задоволство 100 % е оценето користењето на Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик. Како потполна корисна, односно со 100 % корисност е оценета оваа Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик.

**Две лица** посетувале обука за работно место со субвенционирано вработување (еден маж и една жена), **едно лице** посетувало обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици (маж) и **едно лице** обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за компјутери (маж). Задоволството и корисноста од користената обука за работно место со субвенционирано вработување е оценето 50 % потполно (жена) наспрема 50 % делумно (маж). Задоволството и корисноста од Обуката за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици е оценето како 100 % потполно и во однос на двете категории (маж). Со иста оценка е оценето задоволството и корисноста од Обуката за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за компјутери (маж).

Најголем број од вработените не знаат на кој начин дознале за користените мерки (**13 лица**, 4 мажи и 9 жени); **11 лица** (5 мажи и 6 жени) дознале на некој друг начин освен наброените во прашалникот (јавен повик, телефон, е-пошта и смс); и **две лица** (еден маж и една жена) разбрале преку јавен повик. Во однос на тоа на кој друг начин разбрале вработените за користените мерки и услуги, од 11 кои одговориле на овој начин, 5 разбрале преку медиумите и по 3 лица преку АВРМ и пријатели/корисници на некоја мерка.

## ПРОГРАМА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ

**<u>а) Во Свети Николе</u>** 28 лица (21 маж и 7 жени) ја користеле активната мерка - Програма за самовработување. И тоа **две лица** ја користеле во 2017 (2 мажи), **три лица** во 2016 (2 мажи и една жена), **шест лица** во 2015 (5 мажи и една жена), **седум лица** (6 мажи и една жена) во 2014 година и 10 лица (6 мажи и 4 жени) пред 2014 година. Најголем број од нив за оваа мерка дознале преку јавен повик, односно **22 лица** (17 мажи и 5 жени). Само многу мал дел, односно **четири лица** (2 мажи и 2 жени) дознале преку повик по телефон и **две лица** (2 мажи) по пат на електронски медиуми.

Во подготовка на бизнис-планот на најголем број корисници (**17 лица**, односно 10 мажи и 7 жени) на оваа мерка им помогнал некој друг, едно лице изјавило дека лично и со помош на друг го подготвил планот (маж), **три лица** (мажи) сами го подготвиле, на **едно лице** (маж) му помогнала Агенција за развој на земјоделие и **шест лица** (4 мажи и 2 жени) не се сеќаваат кој им помогнал. Од помошта во подготовка на планот многу задоволни се **седум лица** (5 мажи и 2 жени), додека **21 лице** (16 мажи и 5 жени) изјавило дека се делумно задоволни.

Во однос на тоа каков вид на поддршка за реализирање на бизнис-планот добиле овие лица, најголем број корисници, односно **19 лица** (13 мажи и 6 жени) со поддршката го регистрирале сопствениот бизнис и користеле грант во вид на опрема. Другите видови поддршка помалку се застапени (види табела број 10). Корисникот што користел поддршка во вид на дополнителен грант за субвенционирано вработување вработило едно лице до 29 години.

Износите на средства што ги добиле корисниците преку оваа мерка се движат од 8.000 МКД (**едно лице**, маж) до 423.000 МКД (**едно лице**, маж). Најголем број корисници добиле по 180.000 МКД, односно **24 лица** (18 мажи и 6 жени), додека **едно лице** добило 185.000 МКД (жена).

Пред да стане корисник на оваа мерка само едно лице (жена) посетувало Обука за стекнување на вештини од стари занаети. Но, од подолу презентираните податоци, таа подоцна не отворила бизнис од оваа област.

Многу мал број корисници користеле поддршка за одгледување на молзни крави, други говеда и биволи, овци, кози и свињи (рурални подрачја), односно **пет лица** (2 мажи и 3 жени) и занаетчиство (едно лице, маж), кои претставуваат бизниси што биле планирани да се поттикнат преку Оперативниот план за вработување. Најголем број корисници ја искористиле поддршката за отворање на друг вид бизниси (22 лица, односно 18 мажи и 4 жени), односно: пет (мажи) отвориле автосервис, автолакерски сервис, механичарска работилница и автоперална; четири (2 мажи и 2 жени) лица отвориле продавница/трговија; три (мажи) се од областа на пчеларството; два (мажи) бизниса се однесуваат на стоматолошка опрема и материјали; два (жени) за фризерски салони и салон за убавина; два (мажи) за угостителство; два (мажи) за земјоделие; еден (маж) за молеро-фарбарски услуги и еден за производство и изработка на мебел (маж).

Во однос на тоа дали на корисниците им било познато што ќе се случи доколку фирмата основана со грант за самовработување стане финансиски неактивна, ако престане со дејноста во рок од една година од регистрацијата и престане со дејноста во рок од две години од регистрацијата, согласно со изјавите на најголемиот број корисници, последиците им биле познати. Па така, за последиците од финансиска неактивност биле запознати **20 лица** (15 мажи и 5 жени), за престанок на дејноста во рок од една година **21 лице** (17 мажи и 4 жени) и за престанок на дејноста во рок од две години **19 лица** (14 мажи и 5 жени).

**Шест корисници** (4 мажи и 2 жени) се потполно задоволни од севкупната поддршка досега, **20** (15 мажи и 5 жени) се делумно и **две лица** (мажи) воопшто не се задоволни. Незадоволството кај последните се должи на недоволна поддршка во средства.

Поголемиот број корисници (**15 лица**, 11 мажи и 4 жени) сметаат дека поддршката преку Програмата за самовработување ја постигнала целта, односно им помогнала во вработувањето, но не е мал и бројот (**10 лица**, 8 мажи и 2 жени) кои изјавиле дека не знаат дали оваа мерка ја постигнала целта. **Три лица** (2 мажи и една жена) одговориле дека мерката не ја постигнала целта, а тоа се должи главно на недоволно средства за поддршка и користење на средствата за други цели.

**Девет лица** (7 мажи и 2 жени) сметаат дека според нивното искуство има потреба од менување на поддршката во рамките на оваа програма и тоа во насока на: повеќекратни грантови, поголеми износи на грантови, дополнителна поддршка, ослободување и без хипотеки, поедноставување на постапката за аплицирање, поголема информираност, повеќе кредити на подолг рок без хипотеки и др. **Единаесет лица** ( 7 мажи и 4 жени) сметаат дека не треба да се менува и **8 лица** (7 мажи и една жена) одговориле со не знам.

Ако направиме **профил на вработена жена што ја користела Програмата за самовработување**, тогаш можеме да кажеме дека главно за оваа мерка жената разбрала преку јавен повик, дека бизнис-планот секогаш го подготвува со помош на друго лице, дека со добиената помош го регистрирала бизнисот и добила грант во вид на опрема и дека добиениот износ на средства е од 180.000 МКД до 185.000 МКД. Во однос на видот на бизнисот, повеќе жени користеле поддршка за одгледување на молзни крави, други говеда и биволи, овци, кози и свињи, при што од вкупно 7 жени, три отвориле ваков бизнис. Другите четири жени отвориле традиционално типични бизниси за жени, односно две отвориле продавница и две фризерски салон и салон за убавина. Жената корисник е позадоволна од мажот во однос на користената мерка, но сепак во најголем број се делумно задоволни. Поголемиот број од нив сметаат дека ова мерка ја постигнала целта. Исто така, таа смета дека не треба да се менува оваа мерка.

**б) Во Струмица** 11 лица ја користеле активната мерка - Програма за самовработување, од кои еден маж и 10 жени. И тоа **три лица** ја користат од 2017 (жени), **едно** од 2016 (жена), **шест лица** од 2015 (пет се жени и еден е маж) и **едно лице** од 2014 година (жена). За оваа мерка корисниците дознале на повеќе начини, односно: на друг начин (АВРМ, медиуми и лица што претходно ја користеле оваа мерка) дознале **седум лица** (жени), преку јавен повик **четири лица** (жени) и **две лица** не знаат како дознале (еден маж и една жена).

Во подготовка на бизнис-планот на најголемиот број корисници (8 лица) на оваа мерка им помогнал некој друг, едно лице изјавило дека само го подготвило планот и две не се сеќаваат кој им помогнал. Од помошта во подготовка на планот сите корисници се многу задоволни.

Во однос на тоа каков вид на поддршка за реализирање на бизнис-планот добиле, **пет лица** со поддршката го регистрирале сопствениот бизнис и добиле грант во форма на опрема (еден маж и четири жени); **две лица** го регистрирале сопствениот бизнис и добиле грант во форма на материјали (жени) и **четири лица** (жени) го регистрирале сопствениот бизнис и добиле грант во форма на опрема и материјали (види табела број 10).

Износите на средства што ги добиле корисниците преку оваа мерка се движат од 180.000 МКД (**осум лица**, од кои еден маж и седум жени) до 246.000 МКД (**едно лице**, жена). По **едно лице** (жена) добило 185.000 МКД и 240.000 МКД.

Пред да станат корисници на оваа мерка **две лица** (маж и жена) посетувале Обука за стекнување на вештини од стари занаети.

**Еден** од бизнис-плановите на корисниците се однесувал на занаетчиство (жена), а сите други (**10**, од кои еден маж и 9 жени) на некоја друг вид на бизнис. Од вкупно 10 корисници што ја искористиле поддршката за отворање на друг вид на бизниси, пет отвориле фризерски салони и салон за убавина (еден маж и четири жени); две отвориле модно студио (жени); една цвеќара (жена); една оптика (жена) и една (жена) сендвичара.

На корисниците им се познати последиците во случај кога фирмата основана со грант за самовработување ќе стане финансиски неактивна или ако престане со дејноста во рок од една или две години од регистрацијата. Последиците од финансиската неактивност им биле познати на сите корисници (**11 лица**), додека последиците од престанок на дејноста во рок од една година на **девет** од 11 корисници и од престанок на дејноста во рок од две години на **10** од 11 корисници. Според одговорите на корисниците, последиците се состојат во враќање на средствата со тоа што најголем дел од нив одговориле дека тие треба да се вратат во 80 %, 70 %, 60 % или 50 %, зависно од состојбата.

Само **една корисничка** на мерката е делумно задоволна од севкупната поддршка досега, останатите **10** (еден маж и 9 жени) се потполно задоволни.

**Сите корисници** (11 лица) сметаат дека поддршката преку Програмата за самовработување ја постигнала целта, односно им помогнала во вработувањето.

**Четири** од 11 лица (маж и три жени) сметаат дека според нивното искуство има потреба од менување на поддршката во рамките на оваа програма и тоа во насока да се дава поголем износ за субвенционирање (маж), да се помогне и со дополнителни средства, да се продолжи поддршката со реновирање и опрема и трошоците за регистрација да се покријат од АВРМ. **Четири лица** сметаат дека не треба да се менува и три лица не знаат дали има потреба од менување.

Во **Струмица профилот на вработена жена корисник на Програмата за самовработување** е застапена во размер 10 наспрема 1 во однос на корисниците мажи. За оваа мерка жените главно дознале преку медиумите и други лица кои претходно ја користеле оваа мерка. На најголемиот број некој друг им помогнал во подготовка на бизнис-планот. Во подеднаков број жените кориснички го регистрирале бизнисот и добиле помош во опрема и го регистрирале бизнисот и добиле поддршка во форма на опрема и материјали. Износот на средства што го добиле изнесува од 180.000 МКД до 185.000 МКД. Бизнисите што ги отвориле жените се вообичаени за жени, односно тие отвориле фризерски салони, модни студија, цвеќара, оптика итн. Скоро сите се потполно задоволни од мерката и сите сметаат дека таа ја постигнала целта. Само третина од корисничките сметаат дека има потреба од менување на поддршката.

| ВИД НА ПОДДРШКА | Св. Николе | | | Струмица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | В | М | Ж | В |
| 1) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на опрема добиле 19 лица | 13 | 6 | 19 | 1 | 4 | 5 |
| 2) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на материјали | / | 1 | 1 | / | 2 | 2 |
| 3) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на опрема и материјали | 4 | / | 4 | / | 4 | 4 |
| 4) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на опрема и дополнително вработување на уште едно лице во форма на опрема | 3 | / | 3 | / | / | / |
| 5) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на материјали и дополнително вработување на уште едно лице во форма на материјали | / | / | / | / | / | / |
| 6) Регистрација на сопствен бизнис и грант во форма на опрема и дополнително вработување на уште едно лице во форма на опрема и материјали | 1 | / | 1 | / | / | / |
| ВКУПНО | | | **28** | 1 | 10 | **11** |

**ТАБЕЛА број 18**. *Вид на поддршка за реализирање на бизнис-планот според општина и пол*

## СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПРЕКУ ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПРИДОНЕСИ/ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД ИЛИ ПРОЕКТОТ ПОЗНАТ ПОД ИМЕТО МАКЕДОНИЈА ВРАБОТУВА 2

**а) Во Свети Николе** само **три лица** ја користеле оваа мерка (двајца мажи и една жена), од кои едно се вработило во 2015 (маж) и две пред 2014 година (маж и жена). За можноста од користење на оваа мерка самите се информирале. Едно од овие лица (маж) е до 35 години старост, а другите две се на возраст од 35 до 50 години (маж и жена). **Две** од лицата склучиле договор на определено време (маж и жена), додека **едното** е работодавец (маж). Нема лица што склучиле договор на неопределено време со пола работно време и договор на неопределено време со полно работно време. **Две** од лицата не знаат колку е ослободен работодавецот од плаќање на придонеси (маж и жена), а едно знае (маж). Претпоставуваме дека двете лица што се вработени како резултат на оваа мерка не знаат колку изнесува ослободувањето од придонесот. Трите лица што ја користеле оваа мерка се поделени во изјавите во однос на тоа дали оваа мерка ја постигнала целта, односно **едно** одговорило со да (маж), **едно** со не (маж) и **едно** со не знам (жена). Лицето што одговорило дека мерката не ја постигала целта одговорило дека нема работа и дека се преживува.

**Жената корисник на проектот Македонија вработува 2 во Свети Николе** е жена на возраст од 35 до 50 години и ја користи оваа мерка пред 2014 година. Како резултата на мерката таа склучила договор на определено време. Таа не знае колку е ослободен работодавачот од плаќање на придонеси. Таа не знае дали оваа мерка ја постигнала целта.

**б) Во Струмица 12 лица** (седум мажи и пет жени) ја користеле оваа мерка, од кои четири (три мажи и една жена) се вработиле во 2017 година, четири (еден маж и три жени) во 2016 година, и по две лица во 2015 (еден маж и една жена) и 2014 (двајца мажи) година. **Една корисничка** сама се информирала, додека **пет лица** биле информирани од работодавачот (четири мажи и една жена). **Шест корисници** (три мажи и три жени) се информирале на друг начин, односно: преку АВРМ и медиуми (четири лица, двајца мажи и две жени), преку книговодство (една жена) и преку пријатели (еден маж). Најголемиот број корисници се до 35 години старост (шест мажи и пет жени) и само едно лице е над 50 години возраст (маж). Само **еден корисник** (маж) склучил договор на неопределено време со пола работно време, додека другите **десет** (шест мажи и пет жени) склучиле договор на неопределено време со полно работно време. Како резултат на субвенционираното вработување на **десет корисници** (пет мажи и пет жени) работодавачите добиле 3 години ослободување и биле должни да ги задржат на работа една година по истекот на рокот за кој е ослободен од плаќање на придонеси и персонален данок на доход (1 категорија) и **еден** работодавец добил 60 месеци ослободување и немал обврска го задржи на работа (3 категорија) вработениот (маж) како резултат на оваа мерка. **Еден корисник** (маж) не знаел каков вид на ослободување добил неговиот работодавец. Најголемиот број корисници, односно **девет лица** (75 %) сметаат дека оваа мерка ја постигнала целта (пет мажи и четири жени). Другите **тројца корисници** (25 %) не знаат дали оваа мерка ја постигнала целта (двајца мажи и една жена).

**Жената корисник на проектот Македонија вработува 2 во Струмица** е жена што ја користи оваа мерка од 2016 година. За оваа мерка дознала преку АВРМ и други корисници. На возраст е до 35 години. Најчесто се склучуваат договори на неопределено време со полно работно време. За нивно вработување работодавачот добил ослободување од 3 години и бил задолжен да ги задржи една година по истекот на рокот за кој е ослободен од плаќање. Најголем број од нив сметаат дека оваа мерка ја постигнала целта.

## УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**а) Во Свети Николе** вработените лица изјавиле дека користеле некои од услугите од АВРМ (види табела број 11). Помалку од една третина од вработените лица користеле некоја услуга на АВРМ, под услов секоја од искористените услуги да ја користи едно лице. Но доколку едно лице користи повеќе услуги, тогаш искористеноста на услугите на АВРМ е исклучително ниска, ако земеме предвид дека услугите на АВРМ треба да ги користат сите невработени.

За секоја од услугите прашавме дали корисниците се задоволни, дали помошта им помогнала за вработување и дали и како таа услуга може да се подобри, додека во врска со обуките ги прашавме дали се задоволни од обуката, дали се задоволни од обучувачите, дали стекнатите знаења и вештини им помогнале за вработување и дали и како може да се подобри обуката. Услугата - Помош при барање работа од страна на корисниците (**две жени**) е оценета со 50 % на задоволство и 50 % не знаат како да ја оценат, а 100 % помогнала за вработување на корисниците. Оние што ја користеле оваа обука не знаат дали и како таа треба да се промени во иднина. Обуката за вработување и барање работа од страна на корисниците (**маж и жена**) е оценета со 100 % задоволство од обуката воопшто и 100 % задоволство од обучувачите. Оваа обука според корисниците во 50 % помогнала (жена) за вработување и во 50 % не помогнала (маж). Половина од корисниците (еден корисник, жена) сметаат дека треба да се промени, бидејќи не испаднало така како што очекувале, односно сметаат дека треба да се

остварат повеќе средби со обучувачите. **Корисникот** што ги користел Мотивационите обуки (маж) не знае дали е задоволен од овие обуки, но е 100 % задоволен од обучувачите и тие во 100 % му помогнале при вработувањето. Тој смета дека оваа обука може да се подобри. **Двете лица** (мажи) што ја користеле Услугата за активирање на млади невработени лица изјавиле дека 50 % се задоволни и 50 % се незадоволни од оваа обука, поради генерално информирање за условите. Еден од нив изјавил дека оваа услуга му користела при вработувањето, а вториот корисник не знае. Еден од нив смета дека таа треба да се промени во насока на правилно информирање за корисниците да не ги враќаат средствата подоцна. И во однос на саемите за вработување, **единствениот корисник** (маж) изјавил дека е 100 % задоволен, дека не знае дали овој саем му помогнал за вработување и не знае дали и како да се промени оваа услуга во иднина.

Нема некоја посебна закономерност поврзана со полот на корисникот на услугите и/или обуките.

**б) Во Струмица** вработените изјавиле дека користеле еден вид на обука и услуга што ги обезбедува АВРМ. Односно, **пет корисници** (еден маж и 4 жени) изјавиле дека ја посетувале Обуката за вработување и барање работа и **еден корисник** (маж) ја користел Услугата за активирање на млади невработени лица од АВРМ. Сè на сè ниско е нивото на користење на услугите и обуките на АВРМ (види табела број 11).

Сите **пет корисници** се задоволни од Обуката за вработување и барање работа во целост, како и од обучувачите на оваа обука. Сите сметаат дека обуката им помогнала за вработување. Дел од нив, односно двајца корисници (жени), сметаат дека оваа обука не треба да се подобри и тројца (еден маж и 2 жени) не знаат дали и како треба да се подобри. Единствениот корисник (маж) на Услугата за активирање на млади невработени лица од АВРМ е задоволен од добиената услуга и смета дека таа му помогнала за вработување. Но, сепак, тој смета дека треба да се подобри оваа услуга и да им се даде можност на помалите фирми да вработуваат млади лица.

Нема некоја посебна поврзаност на полот на корисникот и користењето на услугите и/или обуките. Жените во Струмица во поголем број од мажите сметаат дека треба да се подобрат услугите и обуките на АВРМ.

| ВИД НА УСЛУГА | Св. Николе | | | Струмица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | В | М | Ж | В |
| Помош при барање работа | / | 2 | 2 | / | / | / |
| Обука за вработување и барање работа | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 5 |
| Мотивациони обуки | 1 | / | 1 | / | / | / |
| Посредување при вработување | / | / | / | / | / | / |
| Подготовка за вработување и за работа | / | / | / | / | / | / |
| Обуки за животни вештини и мотивација | / | / | / | / | / | / |
| Професионална ориентација и подготвеност за работа | / | / | / | / | / | / |
| Услуги за активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување | / | / | / | / | / | / |
| Услуги за активирање на млади невработени лица од АВРМ | 2 | / | 2 | 1 | / | 1 |
| Едукација за користење на онлајн услугите | / | / | / | / | / | / |
| Саеми за вработување | | | 1 | / | / | / |

*Табела број 19. Користени услуги според општина и пол*

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ АВРМ ЗА НЕВРАБОТЕНИТЕ

**а) Во Свети Николе** вработените изјавиле дека АВРМ во насока на помош на оние што не се вработени треба да го преземе следното: **девет** (8 мажи и 1 жена) изјавиле дека треба да се воведат нови мерки и/или услуги; **седум** (4 мажи и 3 жени) дека треба да се работи повеќе со невработените лица; **шест** (4 мажи и 2 жени) сметаат дека треба да се подобри квалитетот на веќе понудените мерки и услуги; **пет лица** (4 мажи и една жена) изјавиле дека треба да се информираат невработените за мерките и услугите; **две лица** (маж и жена) не можат да проценат како АВРМ треба да им помогне; и **едно** (маж) смета дека АВРМ треба да ги поддржува и да им помага при вработување. Најголемиот број жени сметаат дека треба повеќе да се работи со невработените и дека треба да се подобри квалитетот на мерките и услугите.

**б) Во Струмица**, според вработените, во однос на тоа што треба да направи АВРМ во насока на помош на оние што не се вработени, **21 лице** (9 мажи и 12 жени) смета дека треба да се информираат невработените за мерките и услугите; **17** (7 мажи и 10 жени) дека треба да се работи повеќе со невработените лица; **15** (5 мажи и 10 жени) дека треба да се подобри квалитетот на веќе понудените мерки и услуги; **14** (4 мажи и 10 жени) дека треба да се воведат нови мерки и/или услуги; и **четири лица** (3 мажи и една жена) сметаат дека треба да се намали ограничувањето на возраста (маж), да се подигне професионалната способност на лицата преку едукација (маж), да се прошири возрасната категорија, односно да бидат достапни за сите (жена) и да се воведат мерки за мали претпријатија со еден до двајца вработени, за жени и слично (жена). Најголемиот број жени сметаат дека АВРМ треба да ги информира невработените за мерките и услугите, дека треба да воведе нови мерки и дека треба да работи повеќе со невработените.

## Наоди и препораки за унапредување на квалитетот, запознаеноста, корисноста и пристапноста до мерките, програмите и услугите за вработување на лицата вработени како резултат на користење на некоја програма, мерка или услуга за вработување

- Бројот на вработени жени во Свети Николе е за половина понизок од оној во Струмица, иако бројот на вкупно анкетирани жени е приближен. **Да се преземат мерки во насока на детални истражување на состојбата на вработените жени и евентуалните специфични пречки со кои тие се соочуваат во дадени општини.**

- Жените најмногу ја користат Програмата за самовработување. Значително помалку ја користат Македонија вработува 2 и другите мерки за вработување. Најголем број корисници сметаат дека АВРМ, пред сѐ, треба да ги информира невработените за мерките и услугите (26 лица), па потоа да работи повеќе со невработените (24 лица), а потоа треба да воведе нови мерки и/или услуги (23 лица) и на крај да го подобри квалитетот на веќе понудените мерки и услуги (21 лице). **Да се направат истражувања во насока на тоа дали корисниците, а посебно жените, се соочуваат со пречки во пристапот и при користењето на мерките за вработување, земајќи ги предвид локалните специфики.**

- Со Програмата за самовработување жените и мажите отвораат типично женски, односно машки видови на бизниси. Па така, жените отвораат фризерски салони и салони за убавина, модни студија, цвеќари итн., додека мажите отвораат автосервиси, угостителски и други видови на бизниси. **Да се преземат мерки за истражување на заинтересираноста на жените за отворање и на други видови бизниси, како и за обемот и видот на поддршката понудена од страна на државата (поголеми износи, повеќекратни грантови, дополнителна поддршка и др.).**

- Висок е степенот на делумно задоволство од Програмата за вработување во општина Свети Николе, како и не знаењето за тоа дали оваа мерка е корисна. **Да се спроведуваат редовни оценки на задоволството на корисниците, при тоа земајќи ги предвид локалните специфики, вклучувајќи ја и корисноста на оваа мерка. Врз основа на овие наоди да се менува и видот на поддршката на оваа Програма.**

- Евидентно е користење на еден ист вид на услуги и обуки што ги нуди АВРМ. Во двете општини биле користени само четири од вкупно 11 услуги и обуки што ги нуди АВРМ. Од друга страна, мал е бројот на лицата што ги користат услугите и обуките на АВРМ. Па така, во Свети Николе помалку од една третина од вработените лица (вкупно 30 лица) користеле некоја услуга/обука, а во Струмица една петтина. **Во насока на обезбедување на соодветна, целисходна, квалитетна и ефикасна помош и поддршка на невработените да се направи проценка на потребните услуги и обуки на невработените (полова и територијална припадност) и врз основа на тоа АВРМ да го дефинира својот мандат на постапување.**


ВРАБОТУВАЊЕ И
И УСЛУГИ ЗА
ВРАБОТУВАЊЕ
ПРОГРАМИ ЗА
СУБВЕНЦИОНИРАНО
ВРАБОТУВАЊЕ
БУЏЕТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ